# САМОЕВАЛУАЦИЈА

## НА

## ДСУ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ
## „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“
## СКОПЈЕ

## ЗА ПЕРИОДОТ 2022 - 2024 ГОДИНА

**Скопје, Август 2024**

**Лична карта на училиштето**

***Општи податоци за училиштето***

| | |
|---|---|
| **Име на училиштето** | ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“- Скопје |
| **Адреса, општина, место** | ул. „Васил Ѓоргов“ бр. 47б, Центар, Скопје |
| **телефон** | 02 3119 472 |
| **е-маил** | dsu-svetinaumohridski-skopje@schools.mk |
| **Основано од** | Државата / МОН на РСМ |
| **Верификација** | Акт бр.11744/1 од 21.12.1982 г. |
| **Јазик на кој се изведува наставата** | Македонски |
| **Година на изградба** | 1970 |
| **Тип на градба** | Класична тврда градба |
| **Површина на објектот** | 3294,19 m² |
| **Површина на училшниот двор** | 1240,51m² |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно греење |
| **Број на паралелки** | 27: $I_1$-$I_9$, $II_1$-$II_9$, $III_1$-$III_9$ |
| **Статус на еко-училиште (зелено знаме, сребрено или бронзено ниво)** | Зелено знаме |
| **Статус на најдобра институција од областа на заштитата, образованието и рехабилитацијата на лицата со попреченост во 2014 г.** | 19.06.2015 |
| **Статус на најдобар УСК од средните училишта за 2021 година** | 29.12.2021 |

*Просторни услови за работа на Училиштето и Ученичкиот дом*

| | |
|---|---|
| **Вкупен број на училишни згради** | 1 |
| **Број на дисперзирани паралелки** | 3 (во Битола) |
| **Нето површина** | 4534,70 $m^2$ |
| **Број на спортски терени** | 2 |
| **Број на катови** | подрум, приземје и прв кат |
| **Број на простории во училиштето** | 11 училници за теоретска настава<br>8 работилници за практична настава<br>1 сала за спорт и спортски активности<br>2 соблекувални<br>1 библиотека со сала за состаноци<br>1 наставничка канцеларија<br>10 канцеларии и кабинети на стручната служба за третман и советодавна работа со учениците<br>Центар за кариерен развој<br>1 просторија за родители<br>5 простории со санитарни јазли од кои два се адаптирани за ученици со мултихендикеп<br>2 магацини<br>1 перална |
| **Начин на загревање на училиштето** | Централно греење |
| **Ученички дом** | 1 кујна<br>1 трпезарија<br>3 простории со санитарни јазли<br>1 магацин<br>1 занимална<br>22 спални соби<br>1 канцеларија за воспитувачи<br>1 работилница за хаусмајстор |

***Мапа на училиштето***

***Локација на училиштето***

Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје се наоѓа на територија на општина Центар, во населбата „Капиштец“. Местоположбата на училиштето овозможува сите ученици непречено да се движат пеш или со автобусите на Јавното градско сообраќајно претпријатие: бр.5 и бр.57.

Во состав на училиштето функционира Ученички дом наменет за престој на учениците од другите општини на Републиката кои се образуваат кај нас. Од 2008 година во склоп на училиштето функционира една дисперзирана паралелка во Битола, од учебна 2014/2015 година - две, а од учебната 2015/2016 година веќе функционираат три паралелки сместени во СОУ „Таки Даскало“ - Битола.



## *Наставен и ненаставен кадар*

| Наставен и ненаставен кадар | вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Други | |
| | | М | ж | М | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 54 | 20 | 31 | 1 | 0 | | | | | 2 | 0 |
| Број на наставен кадар | 31 | 16 | 14 | | | | | | | 1 | |
| Број на воспитувачи во ученички дом | 5 | 0 | 4 | 1 | 0 | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 5 | 1 | 4 | | | | | | | | |
| Административни работници | 2 | 0 | 2 | | | | | | | | |
| Техничка служба | 10 | 3 | 7 | | | | | | | | |
| Директор | 1 | | | | | | | | | 1 | |
| Пом. Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | |

## *Степен на образование на вработените*

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Магистерски студии | 4 |
| Високо образование | 33 |
| Виша стручна спрема | 1 |
| 5-ти степен | 6 |
| Средно образование | 9 |
| Основно образование | 1 |

## *Работно искуство на вработените*

| Работно искуство | Број на вработени |
|---|---|
| 0 - 10 год. работен стаж | 15 |
| 11 - 20 год. работен стаж | 16 |
| 21 - 30 год. работен стаж | 13 |
| Над 31 год. работен стаж | 10 |

*Старосна структура на вработени*

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20–30 | 0 |
| 31–40 | 10 |
| 41–50 | 19 |
| 51–60 | 19 |
| 61 – пензија | 6 |

*Наставен јазик*

| | Наставен јазик- Македонски | Наставен јазик- Албански | Наставен јазик- турски | Наставен јазик- српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на класови | 27 | | | |
| Број на наставен кадар | 30 | | | |

## Цел на самоевалуацијата

Целта на самоевалуацијата е да се согледаат и идентификуваат јаките и слабите страни во работата на училиштето, за да се зголеми ефективноста во процесот на наставата. Аналитичноста и споредувањето на резултатите од претходните две учебни години ќе помогне да се процени во колкав степен се совпаѓаат претходно поставените цели со моменталната состојба. Планот за самоевалуација треба да ги идентификува конкретните промени во насока на подобрувања и преземање план за акција за реализација на промените.

Самоевалуацијата е интегрален дел на стратегиското планирање и усовршување на целокупното работење на училиштето во делот на воспитно-образовниот процес. Целите кон кои се стреми училиштето се создавање кохезивен и мотивиран тим, опремен со соодветни помагала за да се остварат зацртаните цели, создавање пријатен амбиент за учениците во процесот на нивна едукација и воспитување, соработување со родителите и деловната заедница и креирање развојни политики во процесот на управување и раководење.

Со креативната визија Училиштето се определи за квалитет и примена на најдобрите практики и стандарди во средното образование за ученици со посебни образовни потреби.

**Самоевалуација за периодот 2022-2024 година**

| Подрачја на самоевалуација | Тимови |
| --- | --- |
| **Наставни планови и програми** | **Бранка Бошкова – носител**<br>Сашо Тодоровиќ<br>Лела Франговска<br>Ана Ваневска |
| **Постигнувања на учениците** | **Дафинка Соколоска – носител**<br>Дејан Марковиќ<br>Александар Вељановски<br>Живко Јаневски<br>Љубица Спасова |
| **Учење и настава** | **Небојша Новакоски – носител**<br>Ренета Попоска<br>Борјан Стојановски<br>Јовица Николовски<br>Игор Перчуклиевски |
| **Поддршка на учениците** | **Катерина Доневска – носител**<br>Станислав Мирчевски<br>Билјана Ефтимовска<br>Александар Пановски |
| **Училишна клима** | **Симон Рафајловски – носител**<br>Менда Михајловска<br>Блаже Џикоски<br>Георги Котевски<br>Елизабета Рангелова |

| | |
|---|---|
| **Ресурси** | **Анѓелка Пандиловска – носител**<br>Јордан Стојановски<br>Лилјана Вуевска<br>Елена Апостоловска |
| **Управување, раководење и креирање политика** | **Оливер Робев – носител**<br>Геле Донаков<br>Насер Криези<br>Златко Маројевиќ |
| **Координатори на самоевалуација** | **Златко Маројевиќ – носител**<br>**Магдалена Дунимаглоска – претседател**<br>Жана Божиновска<br>Розе Стојановска<br>Кирил Димески<br>Билјана Младеновиќ - родител |

## Процес на самоевалуацијата



# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 1: Наставни планови и програми

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**1.1. Реализација на наставните планови и програми**
- **1.1.1. Применувани наставни планови и програми**
- **1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**
- **1.1.3. Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**
- **1.1.4. Избор на наставни предмети**
- **1.1.5. Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**
- **1.1.6. Реализација на проширени програми**

**1.2. Квалитет на наставните планови и програми**
- **1.2.1. Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**
- **1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**
- **1.2.3. Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието**
- **1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**

**1.3. Воннаставни активности**

- **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**
- **1.3.2. Опфатност на учениците со воннаставните активности**
- **1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности**
- **1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| **1.1** | **Реализација на наставните планови и програми** | **1.1.1.Применувани наставни планови и програми**<br>Наставата во Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“-Скопје се остварува преку утврден наставен план кој ги опфаќа следните организациско-содржински компоненти:<br>- Задолжителна (теоретска и практична) настава<br>- Дополнителна настава<br>- Слободни ученички активности<br><br>**Задолжителната настава** се реализира според наставните планови и програми изготвени и донесени од страна на Бирото за развој на образование и Министерството за образование и наука. Наставниците ги усогласуваат овие програмски документи со своите долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања, адаптирајќи ги со условите за работа во училиштето, потребите на учениците и потребата од достигнувањето на целите опфатени со програмските документи. Училиштето посветува големо внимание на уредно планирање и реализација на наставата, со цел да обезбеди квалитетна настава за своите | • Интервју со Стручна служба<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за родители | • Наставни планови, програми и насоки за спроведување и реализација на наставата од МОН и БРО<br>• Годишни, глобални и тематски планирања на наставниците<br>• Оперативен план за наставен час<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Годишна програма за работа на директор<br>• Годишна програма за работа на дефектолог, психолог и социјален работник<br>• Програма за работа на активите<br>• Извештаи од инспекциски надзор |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ученици и во тој поглед има веќе успешно воспоставен начин кој овозможува планирање за систематизирана и уредна реализација на наставните планови, како и континуиран мониторинг во таа насока. На почетокот на учебната година, наставниците ги доставуваат годишните и тематските планирања за содржините наменети за редовната настава кај помошник директорот.<br>Во рамките на реализација на задолжителната настава се интегрираат и содржини со еколошки теми, содржини за МИО и примена на ИКТ.<br><br>**Еко-содржините** се интегрираат во наставата по предмети, со соодветен број на часови На тој начин учениците, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштита на животната средина и запознавање со активностите за одржлив развој. Се подигнува свеста кај младите за одржување на чиста и здрава животна средина.<br>**Содржини за МИО** се интегрираат во наставата по предмети, со соодветен број на часови. На тој начин учениците се поттикнуваат на почитување на различностите независно од која | | • Програми за слободни часови<br>• Програми и планови за вонредни активности<br>• Записници од активи<br>• Записници од работата на Совет на родители<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Записници од Училиштен одбор<br>• Записници од родителски средби<br>• Програма за работа на наставник ментор<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Извештај за реализација на работата на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Електронски дневник<br>• Пофалници, дипломи, благодарници, пехари, медали |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | етничка заедница припаѓаат, умеат да ја почитуваат и развиваат сопствената култура, како и да ги прифаќаат вредностите на другите култури.<br><br>**ИКТ часовите** се исто така застапени во реализацијата на наставните планови со законски потребниот број часови. Во повеќето наставни предмети ваквите часови доминираат, бидејќи на тој начин учениците полесно ја совладуваат материјата и со задоволство го прифаќаат ваквиот начин на изведување на наставниот процес според психо-физичките можности и способности.<br>Реализацијата на програмата со користење на ИКТ ја следи директорот и стручната служба при посетата на часовите на наставниците.<br>**Дополнителна настава** - Со оглед на тоа што основната дејност на нашето училиште е работа со ученици со посебни образовни потреби, не постојат програми за одржување и реализирање на дополнителна настава. Меѓутоа доколку постои заинтересираност кај родителите, нивните деца да посетуваат дополнителни часови по определен предмет, во тој случај на нивно барање предметниот наставник во соработка со дефектолозите на училиштето изготвуваат индивидуални | | • Брошури<br>• Веб страна<br>• Фејсбук страна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | планови за работа во кои се поставуваат цели во согласност со можностите на ученикот и се реализираат во текот на учебната година. На тој начин наставниците ги почитуваат и ги задоволуваат индивидуалните интереси и потреби на учениците.<br>Во рамките на **слободни ученички активности** во училиштето се реализираат следните програми за слободни часови:<br>„Подготовка за вработување и работа“ за ученици од втора година за сите струки и образовни профили,<br>„Учење на работно место“ за ученици од трета година за сите струки и образовни профили,<br>„Практична математика“ за ученици од прва година од машинска струка и „Креативни графички активности“ за ученици од втора година од графичка струка.<br>На почетокот на учебната година учениците се запознаваат со програмите за слободни часови што се нудат во училиштето и имаат можност да изберат од листата на понудените.<br><br>**1.1.2. Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми**<br>Училиштето има воспоставено | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | утврдена процедура за да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители и учениците за наставните програми, содржините и начинот на реализација.<br>На почетокот на секоја учебна година, на првите родителски состаноци и класни часови со учениците, се доставуваат информации за предметите кои ќе се изучуваат во текот на учебната година. Родителите и учениците се запознаваат со постојните релевантни училишни документи како: куќен ред, кодекси на однесување, педагошки мерки и новини во однос на тековни активности или задолженија во претстојниот период. Учениците се запознаваат и со целите на наставата во текот на самите часови по одделните предмети кои ги изучуваат во училиштето, од страна на предметните наставници. Родителите доколку се заинтересирани можат да добијат детални информации за целите на наставните планови за кој било предмет.<br><br>**1.1.3. Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби**<br>Учениците од нашето училиште се со интелектуална попреченост и во | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | училиштето се работи по прилагодени програми кои се дадени од БРО. Поради тоа не се изработуваат индивидуални образовни планови (ИОП).<br><br>**1.1.4. Избор на наставни предмети**<br>Во согласност со законските одредби за реализација на воспитно-образовната дејност, во училиштето се реализираат само наставни планови и програми за задолжителни предмети.<br><br>**1.1.5. Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето**<br><br>Во училиштето се реализираат бројни активности од различни области, во рамките на слободните часови со цел задоволување на потребите и на интересите на учениците, притоа почитувајќи ги нивните афинитети и желби. Учениците изборот го вршат самостојно, а училиштето во целост ги почитува.<br><br>**1.1.6. Реализација на проширени програми**<br>При реализација на проширени програми во училиштето, учениците се вклучени во бројни натпревари од областа на спортот, активности од | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | областа на екологијата, МИО, мировното образование, активности од хуманитарен карактер во соработка со Црвен крст, како и чести посети на споменици, музеи, театри и други институции. Училиштето е домаќин на спортски натпревари на општинско и регионално ниво. | | |
| **1.2.** | **Квалитет на наставните планови и програми** | **1.2.1. Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала**<br>Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на полот, на етничката и верската припадност се рамноправни и треба да ги почитуваат различностите, да ја почитуваат и развиваат сопствената култура, како и да ги прифаќаат вредностите на другите култури. За таа цел во рамките на редовната настава се изведуваат предавања со наставни содржини од областа на МИО, така што секој предметен наставник во своите предмети вметнува содржини со соодветен број на часови. Одредени теми од оваа област се реализираат и на класните часови. | | • Наставни планови, програми и насоки за спроведување и реализација на наставата од МОН и БРО<br>• Годишни, глобални и тематски планирања на наставниците<br>• Оперативен план за наставен час<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Годишна програма за работа на директор<br>• Годишна програма за работа на дефектолог, психолог и социјален работник<br>• Програма за работа на активите<br>• Извештаи од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **1.2.2. Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала**<br><br>Училиштето има успешна соработка со локалната заедница која се одвива преку активностите кои се планирани во Годишната програма.<br>Во рамките на Наставните планови и програми се интегрирани особеностите на локалната средина, а најзабележливо е интегрирањето на карактеристиките и потребите на локалната средина при реализација на практична настава, музичка уметност, ликовна уметност и спорт и спортски активности. Постојат повеќе добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието и младинското учество. Реализацијата на овие активности се врши во соработка со:<br>- Училиштето партнер СУГС „Цветан Димов“ – Скопје за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција,<br>- Фудбалска федерација на Македонија | | инспекциски надзор<br>• Програми за слободни часови<br>• Програми и планови за воннаставни активности<br>• Записници од активи<br>• Записници од работата на Совет на родители<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Записници од Училиштен одбор<br>• Записници од родителски средби<br>• Програма за работа на наставник ментор<br>• Педагошка евиденција и документација<br>• Извештај за реализација на работата на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Самоевалуација на училиштето<br>• Електронски дневник |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | и ФУСМАК - Федерација на училиштен спорт на Македонија,<br>- Црвен крст на РСМ - Општинска организација Центар,<br>- Национална галерија – Чифте амам,<br>- Фондот за иновации и технолошки развој,<br>- Здружението Аутизам ААМК<br>- Ротари клуб Скопје – Центар<br>- Лајонс клуб Светлина.<br>- Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков' при Универзитетот „Св. Кирил и методиј“,<br>- Здружение Икуалити.<br><br>**1.2.3. Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието**<br>Училиштето има разработено насоки за интегрирање на меѓупредметни цели (развивање на самодоверба, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права, справување со меѓуврсничко насилство итн.).<br>Сите наставници вршат интегрирано планирање за содржини од програмата: „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Имаат интегрирани часови од МИО во зависност на наставниот предмет. Некои од овие цели се реализираат на класните часови и на работилници со | | • Брошури<br>• Веб страна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | родители и ученици организирани од стручната служба.<br><br>**1.2.4. Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми**<br>Начинот на кој наставниците и родителите можат да влијаат врз наставните планови и програми е да покренат иницијатива за измени и дополнувања на наставните планови и програми и истите да се препратат до БРО и МОН. Училиштето преку формалните органи планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми од наставниците од аспект на нивната оптималност и ефикасност. Бидејќи наставниот кадар  користи адаптирани наставни програми кои се застарени, училиштето веќе има покренато иницијатива за нивна соодветна замена, но не се добиени соодветни повратни информации.<br>Можноста за родителите да влијаат од овој аспект е исто така предвидена и се одвива преку Советот на родители кои се состануваат најмалку пет пати годишно, а по потреба и повеќе пати. Пред делегираните претставници на родители се разгледува секој извештај за работа на училиштето, како и новите годишни програми за работа на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | училиштето, со што родителите имаат можност да се запознаат со содржините на наставните планови и програми.<br>На овој начин е овозможен формално-правен механизам за влијание на родителите врз наставните планови. Во секој случај, искуството покажува дека родителите се активираат на ова поле само во услови кога се наидува на некаков проблем во однос на реализацијата на наставата и ефектите од неа, додека самоиницијативност и иновативност за подобрување на содржините на определени наставни планови и програми кои би произлегле од знаењата, компетенциите и вештините на родителите во определена област нема. | | |
| **1.3.** | **Вон наставни активности** | **1.3.1. Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>Училиштето планира, организира и реализира воннаставни активности со цел задоволување на потребите и на интересите на учениците и создавање пријатно место за учење и работа, притоа почитувајќи ги афинитетите и желбите на учениците. Воннаставните активности имаат богат придонес за дополнувања на едукативната и на воспитната улога на училиштето, нивното спроведување е задолжително, | | Наставни планови, програми и насоки за спроведување и реализација на наставата од МОН и БРО<br>• Годишни, глобални и тематски планирања на наставниците<br>• Оперативен план за наставен час<br>• Годишна програма на училиштето<br>• Годишна програма за |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | а содржината на активностите е променлива во зависност од актуелноста, новитетите и развојот во општествениот живот и проблемите на младите. Овие активности се спроведуваат преку:<br>-**Училиштен спорт** - УСК ДСУРО „Св. Наум Охридски 2018“ - Скопје е организатор и реализатор на спортски натпревари, манифестации и спортски игри на основните и средните училишта за ученици со посебни образовни потреби на сите нивоа во општината, Републиката и на<br>меѓународен план. Во спортскиот клуб членуваат ученици од целото училиште кои покажуваат интерес кон спортот и спортските активности, тренирајќи ги следниве спортски дисциплини: атлетика- трчање, скок во далечина и фрлање ѓуле, полигон, баскет, пинг - понг и мал фудбал.<br>-**Слободни ученички активности – секции** – Во училиштето работат следните секции:<br>литературно-рецитаторска, литературна, математичка секција,математика низ игра, современи општествени загрозувања и конфликти, арт секција, спортска, ликовна, секција за промоција на здрава храна,<br>секција по готварство,фолклорна, | | работа на директор<br>• Годишна програма за работа на дефектолог, психолог и социјален работник<br>• Програма за работа на активите<br>• Извештаи од инспекциски надзор<br>• Програми за слободни часови<br>• Програми и планови за воннаставни активности<br>• Записници од активи<br>• Записници од работата на Совет на родители<br>• Записници од Наставнички Совет<br>• Записници од Училиштен одбор<br>• Записници од родителски средби<br>• Програма за работа на наставник ментор<br>• Педагошка евиденција и документација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | графичка секција, печатарско-книгоповрзувачка секција, браварски операции, сообраќајна секција, текстилна секција „Креативни вештини“, компјутерска едукација, културно-историско градителско наследство, ритмичка, драмска и кошаркарска секција. Со учеството во<br>работата на секциите кај учениците се потикнува другарувањето, се негува истрајноста во извршувањето на задачите и се формираат навики за правилно користење на слободното време.<br>-**Реализација на проекти и активности во училиштето**<br>Во рамките на програмата **„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“,** покрај активностите од еко-стандардите<br>се реализираат бројни активности.<br>**Проектот Let’s get G.R.E.E.N** се реализира со партнерство на 6 држави: Франција, Германија, Латвија, Македонија, Романија и Словенија. Координатор на проектот е Словенија. Главен фокус на проектот е грижата за животната средина на глобално ниво и можност за нови вработувања при правилно раководење со отпадот, неговата реупотреба и рециклирање. Посебна цел на проектот е учениците да | | • Извештај за реализација на работата на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Електронски дневник<br>• Пофалници, дипломи, благодарници, пехари, медали<br>• Брошури<br>• Веб страна<br>• Фејсбук страна |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | стекнат знаења и вештини да го редуцираат отпадот, да го реупотребуваат, (да дизајнираат и изработуваат производи што создаваат помалку отпад). Проектот вклучува ученици со интелектуална попреченост, нивни наставници, воспитувачи, родители - старатели и локални претприемачи.<br>Иновативниот проект за стратешко партнерство за млади **„Сите вклучени-надминување на бариери за учество“** (All inclusive overcoming barriers to participation 2020-1-FI01-KA205-066240) се реализира во соработка на 6 партнери од 3 различни земји: Македонија, Финска и Италија.<br>Македонија (ЦМА КРИК и ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“), Финска (Ноуртен Иствит и ФАИДД), Италија (Бангеранг Асоцијација ди Промизионе и Зандреа Онлус). Координатор на проектот е Финска. Сите партнери работат со млади луѓе со попреченост, но сите тие имаат различен пристап во нивната работа. Организациите се разликуваат една од друга, но тие имаат заеднички цели во промовирање на правата на младите со попреченост. Целта е да се вклучат младите лица со попреченост во мобилности и да се равијат онлајн | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | алатки кои ќе го олеснат процесот на комуникација и вклученост на младите лица кои се спречени да учествуваат во мобилностите.<br>Во рамки на **проектот на ФФМ „Фудбал за сите способности - Државно средно училиште Св. Наум Охридски“** се реализираат фудбалски тренинзи и регионални натпревари преку кои учениците имаа можност да стекнат позитивни карактерни особини (дисциплина, редовност, ангажираност, посветеност и натреварувачки дух), да стекнат и нови здрави навики (хигиенски навики, здрав начин на исхрана, консумирање на течности и правилен одмор) и можност да се социјализираат и да се дружат со ученици од другите екипи, со цел да се подигне нивото на знаење и умеење кај нашите ученици а со самото тоа да се подигне самодовербата кај истите, за поуспешно вклучување во сите сфери на општеството.<br>Во училиштето успешно се реализира и **програмата „Здравје**“. **„Здрави навики за здрав живот“** е мотото под кое се реализираат активностите од оваа програма преку стекнување и развивање на трајни навики кај учениците за здрава исхрана и физички активности во секојдневниот живот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во училиштето се реализираа **ПХВ проектот „Хорозонт без предрасуди“ и проектот „Зелена инклузивност“** (совладување на зелени вештини за зголемување на вработливоста на лицата со посебни образовни потреби) од Црвен крст на Република Северна Македонија - општинска организација Центар.<br>Училиштето учествуваше во надворешни активности и работилници во рамки на **проектот „ХОЛД ОН: – Олеснување на пристапот до поддршка за ментално здравје кај младите луѓе “** реализиран од страна на тимот на КМОП - Скопје<br>Во рамки на наградениот проект од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, **„Од органски отпад до зачин“** се реализираа активности. Во фокусот на проектот е ставен органскиот отпад. Со дехидратација и мелење на остатоци од зеленчук, учениците создадоа зачин, а со тоа покажаа дека сакаат предизвици, умеат да се носат со нив и можат да бидат иноватори.<br>**Арт и литературно-рецитаторската секција** од нашето училиште беа вклучени во проектите „Птици“ и „Пинокио“ на Национална галерија – Чифте амам.<br>Во еколошкиот проект „Птици", покрај | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нашето училиште, учествуваа Зоолошка градина Скопје, Машински факултет, СУГС „Цветан Димов“ - Скопје и ООУ „Невена Георгиева Дуња"- Скопје. Низ серија работилници, учениците, се едуцираа и изработија куќички за птици, кои беа поставени во Зоолошката градина. Покрај развивање на еколошката свест целта на проектот беше низ заедничките активности учениците да учат едни за други, но и за светот околу нив. Проектот беше промовиран во нашето училиште во рамките на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“.<br>Инклузивниот креативен проект „Пинокио“ на Национална галерија во соработка со Италијанска амбасада, беше предизвик за нашите млади креативци да го креираат и изградат ликот на нивниот Пинокио. Целта на проектот беше преку творечкиот процес и тимската работа кај учениците да се развива чувство на заедништво, припадност и соработка.<br>**За развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција**, училиштата партнери ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје и СУГС „Цветан Димов“ - Скопје, успешно реализираа активности кои се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поддржани со грант од МОН.<br>Активности кои се реализираа во учебната 2022/2023:<br>- изведба на народната песна „Шербет блага невесте“<br>- изработка на креативни творби - од идеја до реализација<br>- изработка на производи од картон<br>Активности кои се реализираа во учебната 2023/2024:<br>- изведба на песната „Ода на радоста“<br>- изработка на креативни творби – Еко-принт<br>- изработка на картонска амбалажа и промотивен материја<br>Активностите се реализираа преку воведни, мултикултурни и изведбени работилници. Покрај воспоставената интерперсонална комуникација и соработка со припадници на други етнички заедници, учениците имаа можност да ги искажат и да ги збогатат своите знаења од графичката, текстилната и угостителско-туристичката струка, литературата, музиката, танцот и ликовната уметност. Во реализација на активностите беа вклучени литературно-рецитаторската секција и арт -секција. Активностите беа промовирани на приредбата по повод патрониот празник на нашето училиште, на настанот „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“, на работилници | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | организирани од Национална галерија – Чифте амам и на Фестивалот на инклузија, кој го организираа здруженијата „Икуалити“ и „Визија плус“.<br>Во рамки на **Програмата за превенција од насилно однесување во училиштето** се реализираа едукативни и интерактивни работилници. Стручната служба беше активно вклучена во воочување на различните видови на насилство. Постојаната соработка со родителите беше во насока на навремено идентификување на промените во однесувањето на учениците.<br>Во училиштето беа реализирани активности кои беа предвидени со **програмата „Мировно образование“** која има за цел промовирање на мирот и ненасилството како основни вредности во воспитно-образовниот систем.<br>-**Екскурзии** – Во изминатиот период се реализираа полудневни есенски и пролетни екскурзии: во Градски парк – Скопје, на фудбалските терени на ФФМ (Инклузивен фудбалски турнир), на падините на планината Водно и во СРЦ Сарај.<br><br>**1.3.2. Опфатност на учениците со воннаставните** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **активности**<br>Воннаставните активности се планираат и реализираат со цел помасовно вклучување на учениците врз доброволна основа. Учество на учениците во воннаставни активности се обезбедува на повеќе начини. Генерално, воннаставните активности се менторирани од страна на одговорни наставници. Наставниците по пат на соопштенија ги информираат сите ученици за потенцијалните и претстојните воннаставни активности, ги мотивираат учениците, со цел тие да препознаат определен интерес кај себе, а воедно ја поттикнуваат и љубопитноста кај учениците, овозможувајќи изнесување на своите и почитување на мислењата и ставовите на другите.<br><br>**1.3.3. Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во воннаставните активности**<br>Во училиштето се организираат воннаставни активности и истите се подеднакво достапни на сите ученици по однос на полот, возраста и верската припадност. Учениците во нашето училиште добиваат континуирана помош и поддршка од наставниците и стручните соработници активно да се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вклучат во воннаставните активности, а исто така училиштето иницира и активности во кои се вклучени и родителите на учениците.<br><br>**1.3.4. Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности**<br>Фактот дека учениците се вклучуваат во разни воннаставни активности, организирани и спроведени од страна на училиштето, укажува дека на тој начин учениците имаат можност да се афирмираат и да ги промовираат своите интереси и потенцијали, земајќи предвид дека бројните настани најчесто се објавуваат преку социјалните медиуми, како што се Facebook, YouTube, web страната и други електронски и печатени медиуми. Истовремено промовирајќи се себеси, учениците се директно инволвирани во промоција на училиштето. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за наставници**<br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Користам долгорочни, среднорочни и краткорочни планирања кои се усогласени со донесените програмски документи од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем<br><br><br>80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | ***Анкетни прашалници за наставници*** | |

- Наставните планови и програми изготвени од БРО и утврдени од МОН одговараат на можностите, способностите и потребите на учениците.




30% одговориле со ДА, 50% одговориле со ДЕЛУМНО, и 20% одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Употребувам ИКТ, модели, цртежи, слики за подобрување на наставниот процес<br><br><br>100% одговориле со ДА, 0% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето располага со компјутери и соодветно вмрежување, со ЛЦД проектор и смарт табли за реализација на ИКТ часови<br><br>40% одговориле со ДА, 60% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Користам еколошки содржини при реализација на наставните часови согласно програмските документи<br><br><br>70% одговориле со ДА, 30% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Навремено ги информирам родителите за наставните планови и програми<br><br>100% одговориле со ДА, 0% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

- Училиштето го следи планирањето и реализацијата на наставната програма на наставниците




80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

- Кабинетите и работилниците се доволно опремени со нагледни средства и материјал и алат за практична настава




40% одговориле со ДА, 50% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Наставниците се отворени за размена на искуства и информации во планирањето и реализацијата на наставната програма<br><br><br>80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

- Училиштето промовира родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност




100% одговориле со ДА, 0% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците




80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

- Учениците се вклучени во воннаставни активности организирани и во соработка со локалната самоуправа




80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

- Применувам разновидни наставни методи и форми на работа за успешна реализација на настаните содржини




100% одговориле со ДА, 0% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Применувам критериуми за оценување кои се темелат на стандардите за постигнувања на учениците<br><br>80% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

- Училишниот простор ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и воннаставните активности.




70% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за родителите**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Училиштето има воспоставено процедури и ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми што се реализираат.<br><br><br><br><br>50% одговориле со ДА, 40% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ. | ***Анкетни прашалници за родителите*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Директорот, стручната служба и наставниците секогаш се отворени за соработка со родителите<br><br><br>70% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Класните раководители и наставниците редовно не известуваат за напредокот на ученикот (евидентен лист, родителска средба)<br><br><br>100% одговориле со ДА, 0% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Кабинетите и работилниците се доволно опремени со нагледни средства и материјал и алат за практична настава<br><br>30% одговориле со ДА, 60% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето располага со компјутери и соодветно вмрежување, со ЛЦД проектор и смарт табли за реализација на ИКТ часови<br><br><br>20% одговориле со ДА, 30% одговориле со ДЕЛУМНО, и 50% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Примената на еко стандардите придонесува за реализирање и продлабочување на еколошката свест кај учениците.<br><br><br><br><br>70% одговориле со ДА, 20% одговориле со ДЕЛУМНО, и 10% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето планира и реализира разновидни вонnаставни активности според потребите и интересите на учениците.<br><br><br>60% одговориле со ДА, 40% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

- Најголемиот број ученици се вклучени барем во една воннаставна активност за поддршка на личниот и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка и социјална припадност.




70% одговориле со ДА, 30% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училишниот простор (училници, работилници, спортска сала) ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и воннаставните активности<br><br><br>70% одговориле со ДА, 30% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето организира активности во соработка со локалната заедница (набљудувања, посети на институции)<br><br><br>60% одговориле со ДА, 40% одговориле со ДЕЛУМНО, и 0% одговориле со НЕ. | | |

## Клучни силни страни и слабости

***Силни страни:***

- **Наставните планови и програми кои ги изработуваат наставниците се во согласност со донесените програмски документи од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем**
- **Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини и активности од областа на МИО**
- **Наставната програма се реализира со користење на ИКТ во наставата (минимум 30 %) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет,**
- **Училиштето редовно и навремено ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми,**
- **Директорот, стручната служба и наставниците секогаш се отворени за соработка со родителите**
- **Училиштето го следи планирањето и реализацијата на наставните програми на наставниците,**
- **Наставниците се отворени за размена на искуства и информации во планирањето и реализацијата на наставната програма,**
- **Училиштето промовира родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност,**
- **Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности според потребите и интересите на учениците**
- **Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонаставни активности ќе учествува,**
- **Во училиштето се применуваат активни наставни методи и техники за реализација на наставните планови и програми.**
- **Училишниот простор ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и вонаставните активности.**

***Слаби страни:***

- **Наставните планови и програми изготвени од БРО не одговараат на можностите, способностите и потребите на учениците.**
- **Кабинетите и работилниците не се доволно опремени со нагледни средства и материјал и алат за практична настава,**
- **Недостаток на компјутери, нефункционално мрежно поврзување и недоволна опременост со ЛЦД проектори и смарт табли**

***Приоритети:***

- **Покренување на иницијатива и доставување на официјални барања до БРО и МОН за измена на наставните планови и програми**
- **Континуирано опремување на кабинетите и работилниците со нагледни средства и материјал и алат за практична настава**
- **Опремување на кабинетите со компјутери и соодветно мрежно поврзување, со ЛЦД проектори и смарт табли**

## Заклучни согледувања

Училиштето целосно ги реализира наставните планови и програми во пропишаниот обем. Директорот на училиштето и помошник-директорот го следат навременото предавање на планирањата од наставниците. Можноста за влијание на наставникот врз програмските документи на МОН И БРО е мала. И покрај покренатата иницијатива за промена на програмските документи не се добиваат соодветни повратни информации. Наставниците секогаш се стремат максимално да ги искористат расположливите материјално-технички ресурси кои се недоволни, а се неопходни за квалитетно реализирање на наставата. Училиштето има разработено насоки за интегрирање на меѓупредметни цели (развивање на самодоверба, иницијативноста, одговорноста, почитување на различноста и основните човекови права, справување со меѓуврсничко насилство итн.). Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини од понудените еколошки теми и воспоставените еко-стандарди. Се имплементираат најмалку по две МИО содржини и активности на редовните часови. Наставната програма се реализира со користење и на ИКТ во наставата (минимум 30 %) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет. Училиштето соработува и со учениците и со родителите при што соодветно и на време ги информира за сè што е потребно. Училиштето има успешна соработка со локалната заедница која се одвива преку реализација на културно – образовните активности. Во училиштето се организираат воннаставни активности и истите се подеднакво достапни на сите ученици по однос на полот, возраста и етничката припадност. Учениците самостојно според своите афинитети  вршат избор на воннаставни активности во кои ќе учествуваат. Училишниот простор ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и воннаставните активности.

# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 2: Постигнувања на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**2.1. Постигнувања на учениците**

- **2.1.1. Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди**
- **2.1.2. Подобрување на постигнувањата на учениците**
- **2.1.3. Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби**
- **2.1.4. Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**
- **2.1.5. Следење на хоринзоталното и вертикалното движење**
- **2.1.6. Подобрување на интеркултурните компентеции кај учениците**

**2.2. Задржување/осипување на учениците**

- **2.2.1. Опфат на учениците**
- **2.2.2. Редовност во наставата**
- **2.2.3. Осипување на учениците**
- **2.2.4. Премин на ученици од едно училиште во друго**

**2.3. Повторување на учениците**

- **2.3.1. Ученици што не ја завршуваат годината/образованието**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| **2.1** | **Постигнувања на учениците** | **2.1.1. Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и различен јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br>Училиштето располага со комплетни податоци за постигнувањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети по квалификациони периоди.<br>Во текот на учебната година, податоците за постигнувањата на учениците уредно се внесени во дневникот на паралелката, евидентните листови на учениците, полугодишните и годишните извештаи.<br>Училиштето ги следи постигнувањата на учениците на Советот на паралелката односно годината. Постигнувањата на учениците се следат од една во друга учебна година и податоците се користат за понатамошните анализи.<br>Во нашето училиште наставата се изведува на македонски јазик.<br>Според етничката припадност најголем дел од вкупниот број ученици се Македонци. Од друга етничка припадност во нашето училиште учат Албанци, Турци, Роми, Срби, Македонски муслимани, Бошњаци и | • Анкетни прашалници (за наставници и родители)<br>• Интервју со директор, помошник-директор, членови на стручна служба<br>• Прашалник за родители | • Закон за средно образование<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Годишен глобален план на наставниците<br>• Годишен извештај за работата на училиштето<br>• Оперативен план за наставен час<br>• Дневник на стручната служба<br>• Досиеја<br>• Досиеја за професионален развој на наставници, стручна служба и воспитувачи<br>• Анализа на успехот, редовноста и поведението<br>• Дневници за работа од учебната 2022/2023 и 2023/2024 година<br>• Главни книги<br>• Дневник за посета на час |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Власи. Од етничките малцинства најмногу се застапени Албанци и Роми. (прилог табела).<br>Следењето на постигнувањата на учениците е приоритетно во планирањето на директорот, стручната служба и наставничкиот совет. Напредокот и постигнувањата на секој ученик е следен перманентно и континуирано од сите релевантни чинители во училиштето (предметни наставници, членови на стручната служба, воспитувачи) и во сите фази на нивното воспитно образовно ангажирање (за време на часот, за време на воннаставните активности), а добиените резултати се анализираат и сублимираат на сите тримесечја во сите три учебни години.<br><br>**2.1.2 Подобрување на постигнувањата на учениците**<br>Училиштето промовира уверување дека учениците без разлика на етничката и верската припадност и економскиот и социјалниот статус, покажуваат резултати според своите можности и способности.<br>Увидот за напредокот во постигнувањата може да се види од изготвените табели на периодични, полугодишни и годишни извештаи. Училиштето ги промовира еднаквите | | • Дневник за работа на воспитувачи<br>• Дефектолошко досие за напредокот на учениците<br>• Записници од Наставнички совет и совети на паралелките<br>• Извештаи од раководители на паралелки<br>• Статут на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | можности за сите ученици и го активира потенцијалот за постигнување на максимални резултати. Училиштето ги подобрува постигнувањата на учениците преку планирање соодветен пристап кон учениците, градење на свест за афирмација и развој, подобрување на односите ученик-ученик, ученик-наставник, преку разни форми и континуирана соработка со стручната служба.<br>За подобрување на постигнувањата, училиштето го поттикнува вклучувањето на учениците во разни воннаставни активности. Се организираат слободни ученички активности, училишни работилници (спортски, новогодишни, велигденски, еколошки, осмомартовски), учество на изложби, посети на саеми, театарски и филмски претстави, културно историски обележја и знаменитости.<br>Родителите на учениците редовно се информирани за постигнатиот успех на своите деца. Еден од начините се родителските средби на кои се истакнува напредокот и успехот на учениците на целата паралелка, а родителите преку евидентните листови кои ги подготвува раководителот на паралелката се запознаваат конкретно со успехот на своето дете. Такви средби на кои се разгледува успехот на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Поради специфичноста и структурата на учениците во училиштето, улогата на класната заедница е со намален интензитет, но разните чинители на воспитно-образовниот процес го компензираат тоа и ја имаат главната улога при иницирањето и организирањето на активностите на учениците за преземање на одговорност од различен тип во училиштето (во и надвор од наставата).<br><br>Училиштето има политика на поттикнување на учениците да учествуваат на натпревари на регионално и меѓународно ниво, при што се наградуваат учениците кои постигнале успех и наставниците кои ја давале поддршката.<br><br>Низ различните активности во кои се вклучуваат учениците се промовира чувството на одговорност што претставува стимул за развивање на поголема самодоверба и меѓусебна почит.<br><br>**3.3.4. Интеракција на учениците меѓу себе**<br><br>Интеракцијата на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето е двонасочна и се заснова на меѓусебно почитување и соработка. Со користење | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на позитивен приод учниците се поттикнуваат и мотивираат активно да земат учество во наставниот процес и вонннаставните активности.<br>Чинителите се стремат кон интеракција која промовира взаемно почитување, помош и поддршка, соработка, мотивирање, активирање и разбирање без оглед на нивниот пол, социјално потекло и националната, етничката и религиска припаднос., Независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини. Наставниот кадар и стручната служба се примарните иницијатори кои поттикнуваат и остваруваат интеракција со учениците, чии очекувања се во согласност со емотивните,социјалните, физичките и когнитивните потреби и способности на учениците.<br>Во процесот на поучување и учење се користат разни методи на интеракција со учениците, со цел да се подобри учењето, социјализацијата, учениците да ги осознаат меѓусебните сличности и разлики и истите да ги прифатат и да се изгради доверба помеѓу наставниците и учениците, а преку нив и со родителите. Во училиштето се реализираат активности што придонесуваат за развој на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. Овие | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | активности во учебната 2022/2023 и учебната 2023/2024 година, се поддржани со грант од МОН.<br><br>Добрите интерперсонални односи имаат значајна улога во воспитно - образовниот процес и се основа за формирање на позитивна и поттикнувачка образовна клима. | | |
| **3.4.** | **Задоволување на потребите на учениците** | **3.4.1. Идентификување на образовните потреби на учениците**<br><br>Училиштето (стручната служба) преку процес на проценка на учениците ги осознава сите аспекти од нивното функционирање, за да ги идентификува нивните потреби.<br><br>Од големо значење е изборот и одредувањето на професијата на учениците, односно професионалната ориентација на учениците по струки и занимања.<br><br>Наставниот кадар, дефектолозите, психологот и социјалниот работник на почетокот на учебната година ги идентификуваат образовните потреби, интелектуалните способности и потешкотии во процесот на учење. Тоа го прават преку опсервација, соодветни дефектолошки тестови и според видот и степенот на психофизичка попреченост наведена во стручниот наод и мислење. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Ова е појдовна основа за планирање на целите во наставниот процес за секој предмет и за изготвувањето на дневно оперативни планирања за секој наставен час посебно.<br><br>**3.4.2. Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br><br>Користењето на индивидуален пристап и различни интерактивни техники на наставниот кадар овозможува учениците да се мотивирани и во согласност со нивните можности, способности и различни стилови на учење да можат на најлесен начин да го совладаат наставниот материјал. | | |
| **3.5.** | **Оценувањето како дел од наставата** | **3.5.1 Училишна политика за оценување**<br><br>Оценувањето е во согласност со дадените насоки во адаптираните програми за работа со ученици со посебни образовни потреби.<br><br>Наставникот при оценувањето ги зема во предвид редовноста, активноста, мотивираноста, творечките вештини и учество на учениците во одредени активности согласно насоките во наставните програми.<br><br>Споредување на резултатите при | | |

интерното оценување, по различни класови, по наставни предмети, од една учебна година во друга е невозможно од причини што, специфичноста на потребите и можностите на секој ученик се отсликува со различни достигнувања од кои со обсежна анализа не можат да се добијат релевантни заклучоци кои би биле апликативни во овој сегмент на работењето.Поведението, дисциплината и педагошките мерки редовно се евидентираат.

**3.5.2. Методи и форми и инструменти на оценување**

Методи и форми кои се користат за оценување и евидентирање на напредокот на учениците се:

- Описно – разговор и слушање
- Усно изложување
- Писмена работа
- Практична работа

Наставниците критериумите ги прилагодуваат спрема, можностите и способностите на учениците.

**3.5.3 Користење на информациите од оценувањето во наставата**

Континуирано во текот на учебната

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | година, учениците добиваат информации од оценувањето во наставата.<br><br>Собирањето на информациите од оценувањето се користи за да се идентификува и поттикнува поучувањето и учењето, како и да се утврдат потребните методи и форми на поучување.<br><br>Информациите добиени од оценувањето учениците ги користат при аплицирањето за стипендии по разни основи и други видови на финансиска поддршка на учениците од релевантни институции. Училиштето врши проверка на работата на наставниците преку нагледни часови кои се посетуваат од страна на директорот и дефектологот каде се пополнува соодветен протокол за следење на часот при што се изведува рефлексија со што ќе се утврдат и евалуираат резултатите од истиот. | | |
| **3.6.** | **Известување за напредокот на учениците** | **3.6.1. Известување на родителите за напредокот на учениците**<br><br>Родителите и учениците добиваат информации за напредокот на учениците на следните начини:<br><br>- Преку евидентни листови за успех, редовност и поведение на ученикот | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во квартали<br>- Електронски дневник<br>- Информирање на родителите преку редовни и отворени родителски средби и родителски совети<br>- Усна информација<br>- Писмено информирање за нередовно посетување на наставата и несоодветно однесување на ученикот | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за наставници**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>**1.** Колку често користите документи од наставната програма: годишен, тематски план и оперативна подготовка?<br><br><br><br>Одговориле со ДА-**100%** одговориле со ДЕЛУМНО-**0%** одговориле со НЕ-**0%** | ***Анкетни прашалници за наставници*** | |

**2.** Дали користите наставни форми и методи за активно ангажирање на ученикот?




Одговориле со ДА-**100%** одговориле со ДЕЛУМНО-**0%** одговориле со НЕ-**0%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **3.** Дали наставниците се отворени за размена на искуства и информации во планирањето и реализацијата на наставната програма?<br><br><br><br>Одговориле со ДА-**70%** одговориле со ДЕЛУМНО-**30%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

**4.** Дали употребувате ИКТ (за подобрување на наставниот процес)?




Одговориле со ДА-**90%** одговориле со ДЕЛУМНО-**0%** одговориле со НЕ-**10%**

**5.** Дали училиштето го следи планирањето и реализацијата на наставната програма на наставниците?




Одговориле со ДА-**80%** одговориле со ДЕЛУМНО-**20%** одговориле со НЕ-**0%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **6.** Дали училиштето се служи со модели за да ги стимулира и мотивира учениците од различна етничка припадност, пол и социјално потекло?<br><br><br><br><br>Одговориле со ДА-**80%** одговориле со ДЕЛУМНО-**20%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **7.** Дали ги информирате навремено родителите за постигнувањата на ученикот?<br><br><br><br><br>Одговориле со ДА-**100%** одговориле со ДЕЛУМНО-**0%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

**8.** Дали за професионалниот развој се организираат доволен број семинари и обуки од МОН и БРО?




Одговориле со ДА-**0%** одговориле со ДЕЛУМНО-**50%** одговориле со НЕ-**50%**

**9.** Дали кабинетите и работилниците се доволно опремени со нагледни средства и материјал и алат за практична настава?




Одговориле со ДА-**0%** одговориле со ДЕЛУМНО-**80%** одговориле со НЕ-**20%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **10.** Дали доволно се стимулирани и мотивирани наставниците?<br><br><br><br><br>Одговориле со ДА-**50%** одговориле со ДЕЛУМНО-**30%** одговориле со НЕ-**20%** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за родителите**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>**1.** Дали наставата во училиштето ги задоволува потребите на учениците?<br><br><br><br>Одговориле со ДА-**50%** одговориле со ДЕЛУМНО-**50%** одговориле со НЕ-**0%** | ***Анкетни прашалници за родителите*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **2.** Дали наставниот кадар доволно се вклучува за да им помогне на учениците за совладување на наставата?<br><br><br><br><br>Одговориле со ДА-**50%** одговориле со ДЕЛУМНО-**50%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

**3.** Дали во училиштето има поволна клима за учење?




Одговориле со ДА-**80%** одговориле со ДЕЛУМНО-**20%** одговориле со НЕ-**0%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **4.** Дали редовно ги посетувате родителските состаноци<br><br><br>Одговориле со ДА-**70%** одговориле со ДЕЛУМНО-**20%** одговориле со НЕ-**10%** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **5.** Директорот, стручната служба и наставниците секогаш се отворени за соработка со родителите?<br><br><br>Одговориле со ДА-**50%** одговориле со ДЕЛУМНО-**50%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

**6.** Класните раководители и наставници редовно не известуваат за напредокот на ученикот (евидентен лист, родителска средба)?




Одговориле со ДА-**90%** одговориле со ДЕЛУМНО-**0%** одговориле со НЕ-**10%**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **7.** Дали сте запознаени со воннаставните активности?<br><br><br>Одговориле со ДА-**20%** одговориле со ДЕЛУМНО-**80%** одговориле со НЕ-**0%** | | |

**8.** Дали имате учество во некоја од воннаставните активности




Одговориле со ДА-**60%** одговориле со ДЕЛУМНО-**30%** одговориле со НЕ-**10%**

## Клучни силни страни и слабости

*Силни страни:*

- Сите наставници ја планираат редовната настава и воннаставните активности
- Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати
- Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето
- Добра училишна атмосфера со индивидуален пристап кон секој од учениците
- Примена на тимска работа
- Стручен наставен кадар со позитивен и професионален однос
- Соработка на високо ниво помеѓу родителите и сите инволвирани страни во воспитно-образовниот процес
- Позитивно вреднување и промовирање на: етничката, културната и јазичната разноликост помеѓу учениците и вработените во училиштето

*Слаби страни:*

- Современи наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците
- Соодветни семинари и обуки за континуиран професионален и индивидуален развој на воспитно–образовниот кадар

*Приоритети:*

- Континуирано опремување на училиштето со современи нагледни средства, материјали и алат за изведување на наставата
- Интезивирање на учества на семинари и обуки за професионален развој

## Заклучни согледувања

Следењето на наставно-воспитната работа во училиштето се одвива екстерно од страна на релевантни институции и интерно преку организиран систем на следење на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Училишната атмосфера е безбедна, стимулативна и мотивирачка во однос на сите чинители на воспитно-образовниот процес. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден.

Наставниците секогаш се стремат максимално да ги искористат расположливите материјално-технички ресурси кои се недоволни, а се неопходни за квалитетно реализирање на наставата. Изборот на задачите и активностите што се работат во училиштето, секогаш е прилагоден на психо-физичките можности, потреби и способности на учениците и промовира чувство на одговорност за нештата што претставува стимул за развивање на поголема самодоверба и почит кај учениците.

Взаемните односи во училиштето се базираат на недискриминаторски пристап без разлика на социо - економскиот статус, родовата, половата, етничката, верската и националната припадност на сите чинители на воспитно-образовниот процес, независно од нивните афинитети, квалитети, интереси, умеења, знаења и вештини. Комуникацијата, другарувањето и меѓусебната поддршка се на високо ниво.

Стручната служба и наставниот кадар континуирано соработуваат преку различни форми на следење на напредокот на уцениците и редовно ги известуваат нивните родители преку формални и неформални средби.

# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 4: Поддршка на учениците

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**4.1. Севкупна грижа за учениците**
- **4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**
- **4.1.2. Превенција од насилство**
- **4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога**
- **4.1.4. Квалитет на достапна храна**
- **4.1.5. Поддршка на учениците со посебни образовни потреби/физичка попреченост**
- **4.1.6. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**

**4.2. Здравје**
- **4.2.1. Хигиена и заштита од болести**
- **4.2.2. Грижа за учениците со здравствени проблеми**
- **4.2.3. Грижа за учениците со емоционални тешкотии**

**4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**
- **4.3.1. Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**

**4.4. Следење на напредокот**
- **4.4.1. Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**
- **4.4.2. Анализа на напредокот на учениците по паралелки**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| 4.1 | Севкупна грижа за учениците | **4.1.1. Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>Училишниот простор е безбеден за изведување на настава. Вработените целосно водат грижа за безбедноста и сигурноста на учениците за време на нивниот престој во училиштето. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот, итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето ги следи пропишаните мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Учениците користат заштитна опрема при изведување на практични вежби за одредени предмети. Вработените и учениците во училиштето се осигурани. Училиштето два пати годишно изведува симулативни вежби за спасување од елементарни непогоди (земјотрес и пожар). Во училишниот простор има ПП-апарати, три хидранти и громобранска инсталација и сите тие се сервисирани. Во училиштето има сертифициран обучен кадар за давање прва помош на учениците. Училиштето има интерен акт | • Интервју со Стручна служба<br>• Интервју со тимот за заштита и спасување при елементарни непогоди<br>• Интервју со директор<br>• Прашалник за наставници<br>• Прашалник за родители<br>• Разговор со наставниот кадар и родителите; | • Увид во просторниот капацитет во училиштето;<br>• Увид во инфраструктурните и просторните капацитети во училиштето;<br>• Програма за заштита и спасување при елементарни непогоди;<br>• Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програма за работа на директорот;<br>• Програма за работа на стручната служба;<br>• Досие на ученик;<br>• Програма за превенција од насилно однесување во училиштето;<br>• Протокол за реагирање при појава на насилно однесување во училиштето;<br>• Записници од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | со шеми за движење и за постапување во случај на елементарни непогоди.<br><br>**4.1.2. Превенција од насилство**<br>Во Статутот на училиштето е нагласено дека при сите облици на насилство (психичко и физичко) се реагира со соодветни педагошки мерки. Училиштето има програма за превенција од насилно однесување во училиштето и Протокол за реагирање при појава на насилно однесување во училиштето кои доследно се реализираат. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на учениците, а на нивните потреби им приоѓаат чувствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Училиштето води евиденција за појавните форми на насилство и изготвува извештаи од разговор со учениците. Во училиштето постои Кодекс на однесување на наставниците, стручните соработници, учениците и родителите. Стручната служба, наставниците и воспитувачите активно работат на превенција на случаи на насилство. Со учениците се одржани работилници за ненасилно однесување од страна на стручната служба. Се реализираа состаноци, разговори и работилници со учениците, родителите и наставниците за реакција | | состаноци на стручна служба;<br>• Записници од консултативна и инструктивна работа со родители и ученици;<br>• Записници од советодавна работа со родители и ученици;<br>• Извештај до МТСП – протоколи од областа на заштита на деца;<br>• Статут на училиштето;<br>• Увид во педагошката евиденција;<br>• Програма за грижа за здравјето на учениците;<br>• Куќен ред;<br>• Кодекс на однесување на наставниците, стручните соработници, учениците и родителите;<br>• Податоци за организирана исхрана на учениците;<br>• Сертификати од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на криза во училиштата со цел психосоцијална поддршка на менталното здравје и добросостојба на учениците. Во учебната 2022/2023 година со цел превенција на насилно однесување во училиштето од страна на стручната служба беа реализирани следните едукативни и интерактивни работилници:<br>- „Подади рака за другарство без мака?“ реализирана на ден 16.11.2022 година, со цел учениците да разберат колку е важно другарството, создавањето на нови другарства, внимателноста на едни кон други и взаемното помагање.<br>- „Значењето на сонот и неговото влијание“ реализирана на ден 25.04.2023 година, со цел учениците да разберат колку е важно значењето на сонот, зошто истиот е неопходен, какво е неговото влијание во целокупното функционирање на нашиот организам и како недостатокот на сон влијае на релациите кои ги создаваме едни со други.<br>На почетокот од учебната 2023/2024 година, беше презентиран Протоколот за реагирање при појава на насилно однесување во училиштето со потенцирање на училиштето како значаен фактор во превенцијата и препознавањето на злоупотребата и занемарувањето на децата и начините | | посетени семинари и обуки;<br>• Извештај од Секција за промоција на здрава храна и Програма „Здравје“. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на кои може истото да делува во охрабрување на учениците да споделуваат за она што им се случува со цел да се заштитат и да не им се повторува тоа во иднина.<br>Во учебната 2022/2023 година со цел превенција на насилно однесување во училиштето од страна на стручната служба беа реализирани следните едукативни и интерактивни работилници:<br><br>- „Мојот говор на тело“ реализирана на ден 23.11.2023 година, со цел учениците да го разберат значењето на говорот на телото, колку % од севкупната комуникација припаѓа на овој вид на говор и какво е неговото влијание во целокупното фунционирање во релациите со другите (прифатлив и неприфатлив говор на телото во комуникацијата со другите), да внимаваат на движењето на телото за сите заедно да придонесеме за безбедна и сигурна училишна средина без насилство. Истата беше реализирана со дополнителна поддршка и соработка од наставник.<br>- „Како правилно да се однесуваме едни со други“ реализирана на ден | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 31.05.2024 година, со цел учениците да разберат колку е важно да се однесуваме добро едни кон други за да се превенира несоодветното и насилно однесување.<br><br>Психологот присуствуваше на сет работилници реализирани на 27.11.2023, 04.12.2023, 11.12.2023 година кои беа дел од обуката: „Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родово-базирано или семејно насилство“ од страна на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, а дефектолозите во период од 11.04.-12.04.2024 година присуствуваа на обуката: „Превенција на врсничко насилство во училишта - психосоцијална поддршка и работа со момчиња во криза“ организирана од ХЕРА - Асоцијација за здравствена едукација и истражување.<br>Во периодот на месец декември 2023 година наставниот кадар во училиштето присуствуваше на обуката „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата“ реализиран од страна на БРО и CES ACADEMY.<br>Од страна на психологот во училиштето направена е презентација на протоколите од МТСП за наставниците. Согласно протоколите од | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | областа за заштита на деца од страна на МТСП во периодот од септември 2023 година до декември 2023 година, училиштето активно е вклучено во процесот на превенција и препознавање на насилство, злоупотреба и занемарување на деца, како и мерки за елиминирање на појавата на насилно однесување меѓу учениците.<br><br>**4.1.3. Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>Училиштето има и спроведува политика за забрана на пушење, внесување и консумирање алкохол, дистрибуација и конзумирање наркотични супстанци, што подразбира дека во училишниот објект и училишниот двор не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, не се консумира алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанции. Во просториите на училиштето пушењето е забрането согласно Законот за заштита од пушење. Училиштето е во постојана соработка со локалната самоуправа, како и со МВР, при што се организираат разни работилници и предавања на кои им се презентирани опасностите од пушењето, алкохолот и дрогата. Во текот на учебната 2022/2023 година на 01.03.2023 година од страна на Тимот за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | грижа за здравјето на учениците се реализираше работилница на тема „Штетното влијание од алкохолот, тутунот и дрогата“. На 15.03.2023 година врснички едукатори од Клубот на млади на Црвен Крст на Република Северна Македонија – Општинска организација Центар одржаа врсничка едукација на тема „Превенција од болести на зависност“. Во училиштето на видни места се поставени знаци и натписи за забрана за пушење. Училиштето има пишани процедури за постапување при прекршување на политиките за забрани.<br><br>**4.1.4. Квалитет на достапна храна**<br>Училиштето има организиран оброк и се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците. Учениците кои се сместени во Ученичкиот дом имаат три оброци и ужинка во трпезаријата на училиштето. Храната е здрава и разновидна. Училиштето има увид во квалитетот на храната преку доставена документација од извршените контроли од надлежна институција. Во училиштето преку Секцијата за промоција на здрава храна и Програмата „Здравје“ се води кампања за здрава исхрана и се реализираат различни активности. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **4.1.5. Поддршка на учениците со посебни образовни потреби/физичка попреченост**<br>Во училиштето воспитно-образовниот процес го следат ученици со посебни образовни потреби. Во училиштето наставниот кадар користи адаптирани наставни програми и насоки за спроведување на програмата од МОН и БРО кои се застарени и училиштето веќе има покренато иницијатива за нивна соодветна замена. Посебен акцент се става на практичната настава при што се создаваат одредени знаења, умеења и вештини. Со учениците се работи индивидуално, а соработката со родителите е од голема помош при реализирање на наставните часови. Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост. Училиштето располага со пристапна рампа. Просторот во ходниците, училниците и работилниците овозможува нивно движење. Инвентарот во училниците е соодветен на потребите на учениците и постојат пет простории со санитарни јазли од кои два се адаптирани за ученици со комбинирани пречки во развојот.<br>Училиштето соработува со невладини организации кои се залагаат за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | унапредување на животот на лицата со посебни образовни потреби.<br><br>**4.1.6. Грижа за учениците од социјално загрозени семејства**<br>Во соработка со Црвен Крст во рамките на училиштето се организирале многу хуманитарни збиднувања, акции за собирање облека и храна кои им помогнале на многу социјално загрозени ученици во училиштето и надвор од него. Во училиштето учениците се изземени од плаќање при различни воннаставни активности, матурски прослави, сликање за табло, екскурзии. Родителите на учениците кои се социјално загрозени се советуваат и упатуваат до институции за остварување на нивните права. Оброкот и превозот се бесплатни за сите ученици како и сместувањето на учениците во Ученичкиот дом. | | |
| **4.2** | **Здравје** | **4.2.1. Хигиена и заштита од болести**<br>Училиштето работи само прва смена. Во склоп на училиштето има Ученички дом во кој се сместени ученици од внатрешноста на државата. Хигиената ја одржуваат четири хигиеничарки. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Ходниците и скалите се чистат најмалку | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | три пати во денот, подот и мебелот во училниците се чисти пред почетокот на наставата, додека останатиот училиштен простор барем еднаш во текот на денот. Прозорците, вратите и другиот инвентар се чистат по најмалку два пати во секое полугодие. Дворот на училиштето е хортикултурно уреден и редовно се чисти од секаков вид отпадоци и сите земјени површини се позеленети и редовно се одржуваат. Во секоја училница, ходниците и во дворот на училиштето има корпи за отпадоци и вработените се грижат учениците да го фрлаат отпадот во нив. Во училиштето предвидени се задолжителни систематски прегледи на учениците од прва и трета година. За вработените редовно се организираат санитарни и систематски прегледи. Во училиштето главен акцент при заштита од заразни болести се става на превенција преку реализиацција и активности на секцијата за промоција на здрава храна и програмата „Здравје“. Во училиштето се одржуваат предавања за учениците на тема:<br>- Значењето на правилниот начин на одбирање, подготовка и конзумирање на храната;<br>- Значењето на спортот и спортските активности;<br>- Заштита од заразни болести и | | • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програма за работа на стручната служба;<br>• Досие на ученик;<br>• Записници од состаноци на стручна служба;<br>• Записници од консултативна и инструктивна работа со родители и ученици;<br>• Записници од советодавна работа со родители и ученици;<br>• Статут на училиштето;<br>• Програма за грижа за здравјето на учениците;<br>• Извештај од Програма „Здравје“. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | вируси;<br>- Заштита од сексуално преносливи болести и несакана бременост со обуки за прва помош организирани од Црвен крст;<br><br>На 26.10.2023 година психологот со двајца ученици присуствуваа на презентација на наодите од меѓународната ХБСЦ студија - Однесувања поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 години) во Република Северна Македонија.<br>Училиштето учествуваше во надворешни активности и работилници во рамки на проектот „ХОЛД ОН – Олеснување на пристапот до поддршка за ментално здравје кај младите луѓе“ реализиран од страна на тимот на КМОП – Скопје.<br>На 15.03.2023 година во рамките на ПХВ проектот „Хоризонт без предрасуди“ реализиран од Црвен крст – Скопје одржана е едукација на тема „Превенција од болести на зависност“.<br>На 05.04.2024 година се одржа предавање на тема „Фактори кои влијаат за подобрување на здравјето“.<br><br>**4.2.2. Грижа за учениците со здравствени проблеми**<br>Училиштето се грижи за учениците што | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава на тој начин што соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (здравствени установи и Центарот за социјална работа). Кога ученик е отсутен поради долготрајна болест, која бара болничко лекување, раководителот на паралелката заедно со училишниот психолог/дефектолог предлага начини како ваквиот ученик да го заврши образованието. Раководителот на паралелката и стручната служба се во постојана комуникација со родителите/старателите заради следење на состојбата на ученикот и определување на стратегии за усвојување на знаења кои не ги следи на часовите. За подобра грижа на учениците во училиштето се предвидени и се реализираат и други активности: систематски прегледи, вакцинации, предавања, соработка и презентации на теми од областа на здравјето и здравствените проблеми и заштита.<br>Училиштето ги следи и води грижа за учениците со емоционални проблеми. Стручните соработници се обучени да им помогнат на учениците и на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | родителите во вакви ситуации или да ги упатат до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјални работи, граѓански здруженија). Притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и со други релевантни институции (Центар за јавно здравје, Државен санитарен и здравствен инспекторат, здравствени установи, Центар за социјална работа, Јавен правобранител).<br><br>**4.2.3. Грижа за учениците со емоционални тешкотии**<br>Стручната служба и наставниците се грижат за навремено откривање на ученици со емоционални потешкотии. Во училиштето постои редовна соработка меѓу стручната служба, раководители на паралелката, предметните наставници, воспитувачите и родителите преку информативни или советодавни разговори секогаш кога се појавува проблем. Од записниците може да се види редовната соработка со раководителите на паралелката кога е потребно советување со ученици кои покажуваат емоционални потешкотии или проблеми. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | **4.3.1 Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, усовршување или вработување**<br>Училиштето навремено им обезбедува на учениците и родителите јасни и точни информации за можностите за понатамошно усовршување и вработување. По завршување на образованието учениците имаат можност повторно да се запишат и да одберат различна струка се до нивна дваесет и пет годишна возраст. Стручната служба во училиштето располага со програма за Професионална ориентација и советување на учениците. Професионалното информирање и советување во врска со понатамошното образование, избор на професија или вработување се врши постапно во текот на школувањето. Учениците во зависност од нивните можности и способности се насочуваат за избор на соодветна струка и образовен профил. Училиштето соработува со ЦМА КРИК кои преку работилници им помагаат на учениците самостојно или со помош да изработат кратка биографија и интервјуа за работа. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците за помошта што можат да ја | | • Годишна програма за работа на училиштето;<br>• Програма за работа на директорот;<br>• Програма за работа на стручната служба;<br>• Досие на ученик;<br>• Записници од состаноци на стручна служба;<br>• Статут на училиштето;<br>• Програма за Професионална ориентација и советување на учениците;<br>• Извештај за ориентациониот план и програма за Професионална ориентација и советување на учениците;<br>• Флаер на училиштето со цел презентација на струките; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | добијат преку пишани и усни соопштенија. На учениците и родителите, исто така, им се доставуваат и пласираат информации низ соодветни достапни медиуми-флаери и брошури. Сепак училиштето, односно стручната служба, не располага со стандардизирани тестови за професионално ориентирање. | | |
| **4.4** | **Следење на напредокот** | **4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>Сите наставници водат уредна документација за постигнувањата, редовноста и поведението за секој ученик. Со ваквата континуирана евиденција, секој наставник е во состојба да ги потенцира јаките и слабите страни на ученикот. Оваа евиденција им помага на наставниците полесно да го евидентираат интересот на учениците на различни полиња со цел индивидуална работа со нив. Како резултат на комуникацијата со наставниците дојдено е до заклучок дека водењето грижа и поттикнувањето на напредокот кај учениците има подобри резултати на крајот на годината. Помеѓу наставниците, раководителите на паралелката, стручната служба и воспитувачите | | • Е-дневник;<br>• Евидентни листови;<br>• Свидетелства;<br>• Главни книги;<br>• Извештаи од Совет на паралелка;<br>• Записници од Наставнички совет;<br>• Записници од Стручните активи;<br>• Записници од Совет на родители;<br>• Записници од Училиштен одбор; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | постои континуирана ефективна соработка. Евиденцијата за постигнување на знаењата, покрај тоа што е евидентирана во дневниците, секој раководител на паралелката води одделна педагошка евиденција преку евидентни листови за секој ученик одделно по квартали. Вака уредната евиденција е достапна за секој родител. Секојдневно стручната служба има разговори со наставниците и воспитувачите за тековните прашања кои се дел од работниот ден, но и за проблеми кои се случуваат помеѓу наставникот, воспитувачот и ученикот.<br><br>**4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки**<br>Раководителите на паралелките подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за напредокот и постигнувањата на учениците. Овие извештаи се достапни на стручната служба, воспитувачите, родителите и останатите наставници. Податоците служат за споредба на успехот и поведението од минатите години. Овие резултати од анализите се користат за подобрување на воспитно-образовниот процес во текот на една учебна година. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за наставници**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Училиштето во ситуации на насилство реагира навремено и соодветно на пропишаните документи за справување со насилство<br><br><br><br>- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.<br>. | ***Анкетни прашалници за наставници*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Стручната служба ја дава потребната поддршка во однос на работа со ученици<br><br><br>- **90%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

- Во училиштето се води грижа при избор на задачи и активности и истите се приспособуваат кон индивидуалните образовни потреби на учениците




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Стручните соработници водат грижа и им помагаат на родителите и учениците со емоционални проблеми<br><br><br>- **90%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Во училиштето постои соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници, воспитувачите и родителите со цел подобри постигнувања на учениците<br><br><br>- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

- Училиштето континуирано работи на подобрување на соработката со други училишта и релевантни институции




- **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничка, културна и јазична разновидност<br><br><br><br><br>- **90%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за родителите**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Вработените се запознаени со правата на децата и истите се почитуваат<br><br><br><br><br>- **70%** одговориле со ДА, **30%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | ***Анкетни прашалници за родителите*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Вработените кон децата се однесуваат на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба<br><br>- **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Училиштето креира стимулативна средина за учење<br><br><br>- **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

- Во училиштето се реагира навремено и соодветно кога се работи во ситуации на насилство




- **70%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

- Училишниот простор е безбеден за изведување настава и воннаставни активности




- **70%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Во ситуации на насилство знаете каде и кому треба да се обратите<br><br><br>- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Се одржува хигиена во училиштето<br><br><br>- **70%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

## Клучни силни страни и слабости

*Силни страни:*

- Училиштето во ситуации на насилство реагира навремено и соодветно на пропишаните документи за справување со насилство.
- Во училиштето постои соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници, воспитувачи и родители со цел подобри постигнувања на учениците.
- Во училиштето се води грижа при избор на задачи и активности и истите се приспособуваат кон индивидуалните потреби на учениците
- Родителите во ситуации на насилство знаат каде и кому треба да се обратат
- Вработените кон децата се однесуваат на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба
- Училиштето креира стимулативна средина за учење

*Слаби страни:*

- Подобрување на хигиената во училиштето
- Подобрување на условите во училишниот двор

*Приоритети:*

- Да се преземат соодветни мерки за подобрување на хигиената во училиштето
- Поставување сообраќајна сигнализација
- Поставување на безбедносна ограда во задниот двор на училиштето

## Заклучни согледувања

Во училиштето се води севкупна грижа за учениците. Во училиштето во ситуации на насилство се реагира навремено и соодветно, а родителите и учениците знаат каде и кому треба да се обратат. Со цел превенција на насилно однесување во училиштето од страна на стручната служба се реализираат едукативни и интерактивни работилници.

Училиштето креира стимулативна средина за учење. Задачите и активностите внимателно се одбираат и приспособуваат кон индивидуалните образовни потреби на учениците. Постои добра соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници,класните/предметните наставници, воспитувачи и родители која води кон подобри постигнувања на учениците. Стручната служба ја дава потребната поддршка во однос на работа со ученици и им помага на родителите и учениците со емоционални проблеми.

Вработените кон учениците се однесуваат на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родова, етничка, културна и јазична разновидност. Училиштето континуирано работи на подобрување на соработката со други училишта и релевантни институции.

# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 5: Училишна клима

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**5.1. Училишна клима и односи во училиштето**
- **5.1.1. Углед/имиџ на училиштето**
- **5.1.2. Кодекс на однесување**
- **5.1.3. Училишна клима**
- **5.1.4. Поведение и дисциплина во училиштето**
- **5.1.5. Учество на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето проблеми**

**5.2. Промовирање на постигнувањата**
- **5.2.1. Промовирање на личните постигнувања на учениците**
- **5.2.2. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето**

**5.3. Еднаквост и правичност**
- **5.3.1. Познавање на правата на децата**
- **5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**
- **5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**

**5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**
- **5.4.1. Соработка на училиштето со родителите**
- **5.4.2. Соработка со општината и со урбаната заедница**
- **5.4.3. Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| **5.1** | **Училишна клима и односи во училиштето** | **5.1.1 Углед/имиџ на училиштето**<br>ДСУ „Св. Наум Охридски“- Скопје е установа во Република Северна Македонија која се занимава со образование и рехабилитација на ученици со посебни образовни потреби, односно средно училиште со специфична дејност. Угледот и имиџот на училиштето се гради преку унапредување на воспитно - образовниот процес во согласност со насоките и препораките на МОН и законските одредби и создавање на услови за поттикнување на развој на потенцијалите и индивидуалните способности на учениците и нивно интегрирање во средината. Тоа пред се подразбира преземање активности во работењето на училиштето, чија што улога не би била само воспитание и образование на учениците, туку давање на сета потребна поддршка на нивните семејства.<br>Училиштето прави напори за постигнување на висок квалитет како во наставата, така и во воннаставните активности и во условите на живот на учениците сместени во ученичкиот дом.<br>Во училиштето се посветува особено внимание на индивидуализација на наставата преку | • Прашалник за воспитно-образовен кадар<br>• Прашалник за родители | • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>• Процедура за награди, пофалби и педагошки мерки<br>• Педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности<br>• Извештаи за работа на стручна служба<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• Кодекс на однесување<br>• Куќен ред на училиштето<br>• Статут на училиштето<br>• Еко-кодекс |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | адаптирање на наставните содржини на индивидуалните способности и потреби на учениците и изработка и набавка на специфични наставни средства.<br>Може да се заклучи дека во училиштето се организира и реализира квалитетна теоретска и практична настава во сите струки, како основа за конкуретност на нашите ученици на пазарот на трудот. Реализирани се сите точки на акции според изработениот план на активности на Еко – одборот. Училиштето постојано вложува во тековно одржување на постоечкиот објект, адаптација на просторот и дворното место според специфичните потреби на учениците што придонесува за подигање на квалитетот на безбедноста на сите кои се вклучени во животот и работата на училиштето.<br>Наставниот кадар е почитуван од родителите и учениците, постои атмосфера на соработка и продуктивност, а она што е најзначајно, родителите сметаат дека нивното дете е безбедно во училиште.<br><br>**5.1.2 Кодекс на однесување**<br>Училиштето има кодекси и пишани правила на однесување со кои се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Тие се отворени за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | повремено разгледување и дискусија за нивно дополнување и измена. Во рамките на Годишната програма како прилог вклучени се: *Кодекс на однесување на учениците, Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници, Кодекс на однесување на родителите и Еко-кодекс.*<br>Во нивната изработка учествувале претставници од сите структури на училиштето и истите ја поминуваат демократската процедура. Годишната програма по нејзината изработка, пред почетокот на секоја нова учебна година се разгледува на Наставнички совет, Совет на родители и се одобрува на Училиштен одбор.<br><br>**5.1.3 Училишна клима**<br>Во училиштето постои соработка помеѓу вработените, учениците, родителите и другите инволвирани во воспитно-образовниот процес. Се поттикнува соработката помеѓу наставниците на тој начин што севкупната работа на училиштето е организирана преку работата на тимови (активи) кои одржуваат ефективни состаноци со конкретни заклучоци, предлози и мерки. Помеѓу активите постои отворена комуникација, взаемно почитување и соработка преку | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | организирање состаноци, на кои се овозможува конструктивно решавање на проблемите, при што се почитува мислењето на секој поединец. Особено се внимава на односот на постарите ученици кон учениците кои се на помала возраст, да биде грижлив, заштитнички и да користи како позитивен модел на идентификација.<br>Ова е особено важно ако се знае дека учениците од сите возрасни категории во средното училиште, не само што во ист временски период ја следат наставата во училишната зграда, туку ги делат и заедничките простории во ученичкиот дом.<br><br>**5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето**<br>Во училиштето постои Правилник за пофалби, награди и педагошки мерки чии насоки соодветно се применуваат посебно кога се работи за изрекување на педагошки мерки по различен основ. Високото ниво на поведение и дисциплина на учениците исто така се должи и на превентивната работа на сите структури на училиштето (наставно-воспитен, стручна служба). Постои протокол за реагирање при појава на насилно однесување во училиштето. Стручната служба | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | континуирано одржува работилници за превенција од насилно однесување.<br>При идентификување на одреден проблем со недисциплината или несоодветно однесување, презема превентивни мерки преку разговори во кои по потреба се вклучени сите структури во училиштето, прави обиди да ги лоцира причините за таквото однесување и притоа тесно соработува со родителите и соодветните институции. Кога ќе се исцрпат сите превентивни мерки, а проблемот е се уште актуелен, се започнува со процедура за изрекување на соодветна педагошка мерка. Атмосферата во текот на наставата е работна со взаемно почитување на наставниот кадар и учениците, а за климата на часот е одговорен наставникот. За безбедноста на учениците и нивното однесување за време на одморите, пред почетокот на наставата и по завршување на часовите се грижат дежурни наставници и стручната служба.<br><br>**5.1.5 Учество на учениците во донесувањето на одлуки и решавањето проблеми**<br>На класните часови учениците се информираат за работи и активности кои се од нивен непосреден интерес. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Активното учество во решавање на проблеми и прашања кои се релевантни за нивниот живот и функционирање во училиштето и ученичкиот дом, при што нивното индивидуално и колективно мислење и став се цени и почитува и придонесува за подобрување на амбиентот и климата во училиштето.<br>Треба да се напомене дека пред се се решаваат проблеми и прашања поврзани со животот во ученичкиот дом во кој некои од учениците поминуваат и поголем дел од своето време во текот на денот како на пример прашања во однос на хигиената во ученичкиот дом, активно учество во изработка на менито за исхрана, организирање на прослави и сл. Исто така учениците секогаш можат да го искажат своето мислење, став и потреби или иницираат решавање на одреден проблем преку барање до раководителите на паралелките, до стручната служба и до директорот, кое се разгледува и по истото се реагира од дадените структури во училиштето. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.2 | **Промовирање на постигнувањата** | **5.2.1. Промовирање на личните постигнувања на учениците**<br><br>Средината во нашето училиште ги мотивира учениците полесно да ја совладаат материјата, како теоретски така и практично. Наставниот кадар ја согледува суштината на пофалбите како начин на мотивирање на учениците. Училиштето има изгра-<br>дено систем на вредности и начин на промови-<br>рање на личните постигнувања на сите ученици во рамките на училиштето и во пошироката<br>локална средина. Учениците имаат можности (согласно со своите способности и интереси) да ги изразат своите креативни потенцијали во наставата и во воннаставните активности со преземање граѓански иницијативи и акции. Навременото и континуирано оценување на учениците и активната соработка со родителите и нивното навремено информирање, се форми за подобрување на постигнувањата на учениците. Евидентираните податоци за постигнувањата и успехот на учениците, во континуитет им се соопштуваат на учениците и на родителите, за секое тримесечје или по потреба. Родителите врз основа на потребите и можностите | | • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>• Годишна програма за работа на училиштето<br>• Процедура за награди, пофалби и педагошки мерки<br>• Педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности<br>• Извештаи за работа на стручна служба<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• Кодекс на однесување<br>• Извештај за работата на училишниот спортски клуб во учебната 2022-2023 и 2023-2024<br>• Извештај за заедничкиот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | преземаат активности за подобрување на напредокот на своите деца.<br><br>**5.2.2. Промовирање на постигнувањата во име на училиштето**<br>Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на локално, регионално и национално ниво. Училиштето има развиен систем на наградување на учениците што постигнале успех и за наставниците што го помогнале тоа во сите области преку кои го промовирале училиштето.<br>Училиштето редовно организира приредби, патронен празник на кои се покануваат родители на наши ученици и граѓани од локалната средина. На овие културни собири се истакнуваат постигнатите успеси на учениците и соодветно се наградуваат.<br>Спортскиот клуб беше многу активен преку реализирање на голем број на спортски игри и активности и исто така добитник на Награда за младинско учество (категорија неформални групи на млади), организирана од страна на Агенција за млади и спорт (АМС) во соработка со Националниот младински совет на Македонија (НМСМ). | | фудбалски проект на ФФМ и ДСУ „Св. Наум Охридски“ – „Фудбал за сите способности“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Активности на спортскиот клуб:<br>• 20.09.2022 година - реализиран е Пролетен крос во Градскиот парк на кој учествуваа и волонтери од Турција преку ЦМА Крик;<br>• 23.09.2022 година - организира и реализира Државни пролетни спортски игри, под покровителство на ФУСМ во соработка со Агенцијата за млади и Спорт одржани во Охрид за ученици со посебни способности од основните и средните училишта.<br>• 25.10.2022 година - реализирани се Есенски регионални спортски игри Скопски регион за ученици со посебни способности во Куманово каде домаќин беше ОУ „Браќа Миладиновци“ Куманово со учество на 3 средни и 4 основни училишта;<br>• 02.11.2022 година - реализирани се Регионални спортски игри на Источниот регион за ученици со посебни способности во ОУ „ Ванчо Прке“ во Штип со учество на 3 средни и 6 основни училишта;<br>• 21.11.2022 година - учество на настан по повод „Светкиот ден детето“ во организација на УЕФА и ФФМ на фудбалскиот натпревар одржан во спортската сала „Борис Трајковски“ – Скопје; | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • 01.12.2022 година - организира и реализира „Спортски ден“ по повод<br>3 Декември;<br>• 22.12.2022 година - организира Спортски игри по повод Патрониот<br>празник на училиштето;<br>• 12.04.2023 година - учество на спортскиот саем за лица со посебни<br>потреби „Спорт за сите“ како дел од Федерацијата на училишен спорт<br>на Македонија;<br>• 11.05.2023 година - реализирани се Пролетни регионални спортски игри за ученици со посебни способност на основние и средните училишта на Скопскиот Регион во Тетово, со учество на 2 средни училишта ДСУ „Св. Наум Охридски“ - Скопје и „Никола Карев“ – Скопје и 41 ученик од основните училишта: ООУ „Лирија“ од Тетово, ООУ „Андреја Савески - Ќиќиш„ - Тетово, ООУ „Браќа Миладиновски“ - Куманово, ОУРЦ „ Д-р Златан Сремец“ - Скопје и „Иднина “ - Скопје;<br>• 16.05.2023 година - одржани Пролетни регионални спортски игри -регион исток во Штип, каде учество земаа 3 средни и 6 основни училишта во кои се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | образуваат ученици со посебни способности;<br>• Од 25.09.2023 год. до крајот на школската година секој понеделник и среда се реализираа фитнес тренинзи со корективна гимнастика како дел од средствата добиени од наградата за Младинско учество.<br>• На 30.09.2023 год. се реализираше планинарска тура до средно Водно<br>• На 05.10.2023 год. одржан Инклузивен фудбалски натпревар со учениците од ООУ „ Никола Карев“ од Крушево во рамките од заедничкиот проект со ФФМ.<br>• На 17.10.2023 год. во ДСУ„ Партение Зографски“ се одржаа Есенските Регионални спортски игри за ученици со посебни образовни потреби од Скопскиот регион.<br>• На 25.10.2023 год. учествувавме на Есенските Регионални спортски игри за ученици со посебни образовни потреби на Источниот Регион во Ново Село Струмица<br>• На 09.11.2023 год во рамките на проектот „ Фудбал за сите “ на нашето училиште и ФФМ, се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | одржа Инклузивен фудбалски натпревар со учениците од ОУ „Марко Цепенков “ од Зелениково<br>• По повод 3ти Декември – Меѓународен ден на лицата со посебни потреби во ДСУ „ Искра “ од Штип се одржаа спортски игри каде учество зема и спортскиот клуб од нашето училиште<br>• На 14.12.2023 год. во ОУ„ Димитар Миладинов“ се одржа фудбалски натпревар помеѓу нашето училиште и Репрезентацијата на лицата со Даунов Синдром како завршен настан од едногодишниот фудбалски проект со ФФМ | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.3 | **Еднаквост и правичност** | **5.3.1. Познавање на правата на децата**<br>Наставниот кадар, стручната служба и раководниот кадар во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата и можат да идентификуваат случаи на нивно нарушување во пракса. На класните часови и преку тековните активности предвидени со Годишната програма на училиштето, предвидени се содржини против насилство врз децата.<br>Училиштето спроведува активности и презема иницијативи за поголема безбедност на учениците. За таа цел во учебната 2022/2023 година беа проследени следните обуки:<br>- „Подади рака за другарство без мака?“ реализирана на ден<br>16.11.2022 година, со цел учениците да разберат колку е важно<br>другарството, создавањето на нови другарства,<br>внимателноста на едни кон други и взаемното помагање со цел<br>сите заедно придонесеме за безбедна и сигурна училиштна<br>средина без насилство.<br>- „Значењето на сонот и неговото влијание“ реализирана на ден<br>25.04.2023 година, со цел учениците да разберат колку е важно | | • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>• Процедура за награди, пофалби и педагошки мерки<br>• Педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности<br>• Извештаи за работа на стручна служба<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• Програма и извештај од МИО активности<br>• Оперативен план за наставен час |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | значењето на сонот, зошто истиот е неопходен, какво е неговото влијание во целокупното функционирање на нашиот организам и како недостатокот од сон влијае на релациите кои ги создаваме едни со други.<br>Во учебната 2023/2024 година беа реализирани следниве работилници:<br>-„Мојот говор на тело“ реализирана на ден 23.11.2023 година, со цел учениците да го разберат значењето на говорот на телото, колку % од севкупната комуникација припаѓа на овој вид на говор и какво е неговото влијание во целокупното фунционирање во релациите со другите (прифатлив и неприфатлив говор на телото во комуникацијата со другите), да внимаваат на движењето на телото за сите заедно да придонесеме за безбедна и сигурна училишна средина без насилство<br>-„Како правилно да се однесуваме едни со други“ реализирана на ден 31.05.2024 година, со цел учениците да разберат колку е важно да се однесуваме добро едни кон други за да се превенира несоодветното и насилно однесување. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **5.3.2. Еднаков и правичен третман на сите ученици**<br><br>Се користи секоја можност да се промовираат темелните вредности на еднаквоста и правичноста во секојдневните наставни и воннаставни активности, решавање на прашања и проблеми во конкретни ситуации и тоа преку:<br>• Работилници на кои се обработуваат теми согласно возраста во однос на родовата, социјалната и друг вид на припадност, развивање на толерантност и прифаќање и еднаков третман на сите.<br><br>• Индивидуални и групни разговори на стручната служба за важноста и негувањето на еднаквиот и правичен пристап на сите ученици<br><br>• Разработени механизми со кои се обезбедува почитување на овие темелни вредности на еднаквост и правичност, втемелени во визијата и мисијата на училиштето и тоа преку спроведување на веќе изработените кодекси на однесување и правилници со кои се регулира нивното спроведување | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **5.3.3. Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот**<br>Училиштето реализираше активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција заедно со партнер училиштето СУГС „Цветан Димов“ - Скопје. Учениците имаа можност да ги искажат и збогатат своите знаења и умеења од областа на графичката, текстилната, економско-правната струка, литературата, музиката, песната и ликовната уметност. | | |
| **5.4** | **Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | **5.4.1. Соработка на училиштето со родителите**<br>Училиштето презема добро испланирани активности за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрување на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Родителите се поттикнати активно да се вклучат во наставниот процес преку организирање предавања на конкретна тема како и во воннаставните активности. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање редовни, индивидуални и отворени | | • Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки<br>• Процедура за награди, пофалби и педагошки мерки<br>• Педагошка евиденција и документација за вклученост на учениците во воннаставни активности<br>• Статут на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | родителски средби.<br>Родителите активно се вклучени во образованието на своите деца. Во периодот од април до јуни во функција на уписната политика на училиштето се спроведува презентација на истото во основните училишта. Учениците и родителите се запознаваат со начинот на работа на училиштето и ученичкиот дом и се вршат консултации во врска со изборот на струка и занимање.<br>Училиштето ги смета родителите за целосни партнери во донесување на одлуките за прашањата кои се однесуваат на нивните деца, тие се добредојдени во училиштето и се бара нивна поддршка . Учеството на родителите/старателите во животот и работата на училиштето се манифестира низ различните форми и активности како што се:<br>• Вклученост на родителите во процесот на учење;<br>• Вклученост на родителите во донесување на одлуки;<br>• Едукација на родителите;<br>• Вклученост на родителите во воннаставни активности во училиштето; | | • Решение за именување на членовите на училишниот одбор<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи за работа на стручна служба<br>• Записници од Совет на родители и родителски средби<br>• Извештаи за општествено корисна работа и јавно културна дејност<br>• Еко-кодекс<br>• Програма и извештај од МИО активности<br>• Извештај за работата на училишниот спортски клуб во учебната 2022-2023 и 2023-2024<br>• Извештај за заедничкиот фудбалски проект на ФФМ и ДСУ „Св. Наум Охридски“ – „Фудбал за сите способности“ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Вклученост на родителите во процесот на учење**<br><br>На почеток на учебната година класните раководители, стручната служба и тимот за унапредување на соработката со родителите ги запознаваат родителите со наставните планови и програми, со распоредот на часови, начинот на работа и организационата поставеност на училиштето и ученичкиот дом и правата и одговорностите на учениците. Во текот на целата учебна година се вршат консултации со родителите во врска со изборот на струката на учениците и прилагодувањето на учениците од прва година.<br><br>Училиштето ги информира родителите за успех на учениците преку:<br>• редовни родителски средби,<br>• индивидуални средби со родителите,<br>• отворени родителски средби,<br>• телефонски и писмени контакти,<br>• посета на семејството на ученикот (класен раководител, стручна служба, директор).<br><br>Училиштето според планот и програмата за родителски средби | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | реализира пет редовни родителски средби (две во прво полугодие и три во второ полугодие), на кои што класните раководители ги известуваат родителите за успехот и поведението на учениците од паралелката, за начинот на следење и вреднувањето на знаењето на учениците и ги делат евидентните листови. Исто така родителите се информираат за наставните и воннаставните активности и начинот на нивна реализација. На овие средби е предвидена можност за дискусии за разрешување на проблеми. Родителите и класните раководители предлагаат мерки, даваат мислења, сугестии и предлози за надминување на актуелните проблеми во паралелката. Се организираат и отворени родителски средби на кои што родителите имаат можност за разговор со предметните наставници.<br><br>Секојдневно се остваруваат индивидуални средби со родителите на нивна иницијатива или на усен, писмен или телефонски повик од страна на класните раководители или од стручната служба. На индивидуалните средби родителите се информираат за напредокот, редовноста, дисциплината и социјализацијата на нивното дете. Исто така по потреба се врши и посета на семејството на ученикот од страна на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | класниот раководител, стручната служба и директорот.<br><br>Родителите се вклучени во заедничка работа со учениците кои имаат несоодветно однесување преку индивидуални и групни советувања, консултации и мотивирање за поголема соработка. Исто така по потреба се вршат и советувања за посета на соодветни надворешни институции за унапредување на развојот на учениците.<br><br>**Вклученост на родителите во донесување на одлуки**<br><br>Родителите редовно и активно учествуваат во работата на училишните тела. Во училиштето активно делува Совет на родители кој работи според претходно изготвена програма за работа и се вклучува во актуелните потреби и проблеми во училиштето.<br><br>Советот на родители го сочинува по еден претставник од секоја паралелка. Во учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, Советот на родители ги реализираше следните активности:<br><br>• Го разгледуваше успехот, редовноста и поведението на учениците и предлагаше мерки за нивно подобрување; | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Соработуваше со наставно-воспитниот кадар и стручните соработници ;<br>• Учествуваше во реализацијата на општествено-корисните и хуманитарните работи во училиштето и ученичкиот дом.<br>Родителите се вклучени во целокупната работа на училиштето и имаат своја улога во работењето на Училишниот одбор. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишниот одбор. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се целите, организацијата, идните активности и нивото на постигнувања на учениците се јасни, разбирливи и достапни на сите родители.<br>При донесување одлуки во предвид се зема и мислењето на родителите добиено по пат на анкети, прашалници и интервјуа .<br>**Едукација на родителите**<br>Во училиштето стручната служба и тимот за унапредување на соработката со родители врши запознавање на родителите со специфичностите во | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | однесувањето на адолесценти со попреченост во развојот, пубертетските промени кај учениците, нивните можности, болести, превенција и важност од редовна медикаментозна терапија. Едукацијата на родителите се остварува преку предавања, едукативни работилници, брошури, флаери, советување на родители согласно Законот за средно образование.<br><br>Секојдневно се вршат индивидуални и групни разговори со родителите и покрај тоа се организираат и посети на семејствата на учениците. Посебен акцент е ставен на едукација на родителите за континуирана и добра грижа за здравјето на учениците.<br><br>Во периодот на учебната 2022/2023 и 2023/2024 година, стручната служба спроведе едукативни работилници:<br>• „Што ако се посветам и на себе?“ реализирана психолошка работилница за родители со физичко присуство на ден 01.12.2022 година во рамките на: „Денови на психологија 2022“ од страна на психологот Магдалена Котеска во соработка со Станислав Мирчевски, наставник по спорт и спортски активности со цел укажување на потребата од грижа за себе кај родителите и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | унапредување на нивното ментално здравје.<br>• „Правата на децата“ реализирана работилница за родители со физичко присуство на ден 23.03.2023 година од страна на социјален работник Оливер Робев во соработка со дефектолог Катерина Доневска со цел запознавање на родителите за правата на нивните деца.<br>• „Инклузивно сексуално образование“ реализирана работилница за ученици и родители со физичко присуство на ден 09.05.2023 година од страна на психолог Ана Попризова и КМОП, во соработка со стручната служба од училиштето (психолог Магдалена Котеска, дефектолог Катерина Доневска и социјален работник Оливер Робев) со цел давање насоки за справување со периодот на пубертет и адолесценција во поглед на сексуалното образование на учениците, разговор за важноста на начинот на кој би се задоволиле потребите на нивните деца и нивната одговорност да разговараат со своите деца на оваа тема. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • „Стрес и техники за справување со стрес“ - психолошка работилница за родители на ден 25.04.2024 година реализирана од страна на психологот Магдалена Дунимаглоска во соработка со останатите членови на стручната служба со цел грижа и унапредување на менталното здравје на родителите преку соодветно управување на стресот, со помош на техники и стратегии.<br><br>**Вклучување на родителите во воннаставни активности во училиштето**<br><br>Родителите заеднички учествуваат во воннаставните активности во училиштето преку работа во проекти, секции, во спроведување на акции, во подготовка и реализација на приредби, прослави, екскурзии, посети на музеи, театар, фестивали, манифестации и др.<br><br>Во учебната 2022/2023 и 2023/2024 година беа реализирани следните активности со активно учество на родителите:<br><br>***1. Приредби и настани***<br><br>• Патронен празник<br>• „Тука сме, заедно сме, а можеме | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | повеќе“ во организација на арт секција<br>• Учество на манифестацијата за одбележување на недела на спортот и спортските активности во организација на ФУСМ<br>• Патронен празник – приредба и Новогодишен базар во училиштето<br>• По повод „Денот на шегата“ во училиштето беше реализиран училиштен маскенбал<br>• Планинарска тура од нашето училиште до Средно Водно заедно со членовите на Специјална Олимпијада<br>• Матурска вечер<br>• 03-05.06.2022 год. – учество на Домијада во Велес и Охрид<br>• Посета на пештерата „Дона Дука“ во с. Рашче во рамки на ПХВ проектот „Хоризонт без предрасуди“ од Црвен крст на република Северна Македонија – ООЦ<br>• Учество на Летен фудбалски камп во Охрид<br><br>***2. Креативни работилници:***<br>• Онлајн Новогодишна работилница за изработка на честитки во организација на стручна служба и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | арт-секција<br>• Работилница на тема: „8 Март“ во организација на литературно-рецитаторска, секцијата креативни вештини и арт-секција<br>• Работилница на тема: „Денот на шегата – 1 Април“ во организација на стручна служба<br>• Работилница за изработка на куќички за птици во проектот „Птици“ на Националната Галерија<br>• „Новогодишни честитки и лампиони со позитивни пораки и желби“<br>• Работилница на тема „Пинокио“ во организација на Националната Галерија на Република Северна Македонија<br><br>Во текот на учебната 2022/2023 година родителите учествуваа во креативните работилници и активности во рамките на Еразмус+ проектот Let’s get G.R.E.E.N.<br>Во учебната 2022/2023 и учебната 2023/2024 година родителите учествуваа во рамките на активностите што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ***3. Предавања:*** <br> Во текот на учебната 2022/2023 година родителите присуствуваа на предавања во рамките на Еко програмата и во Еразмус+ проектот Let’s get G.R.E.E.N. <br> Во текот на учебната 2023/2024 година родителите присуствуваа на предавања во рамките на Еко програмата и во проектот „Зелена инклузивност“ реализиран од страна на Црвен крст на Република Северна Македонија - ОО Центар (дисеминациска сесија за Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина наменета за родителите на учениците кои посетуваат настава во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“). <br> ***4. Екскурзии:*** <br> Во учебната 2022/2023 година беа реализирани две полудневни екскурзии, планирани во Годишната програма на училиштето, во Градски парк - Скопје и на фудбалските терени на ФФМ, а во 2023/2024 екскурзиите беа одржани на Водно и во СРЦ Сарај. Со битолските дисперзирани паралелки сите екскурзии се одржани во Градски парк – Битола. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Слободни ученички активности на дисперзираните паралелки во Битола**<br><br>Во текот на учебната 2022/2023 и 2023/2024 година наставниците и учениците во дисперзираните паралелки во Битола реализираа активности по разни поводи.<br>• 13.02.2023 година - учество во работилница: „Креираме корица“ во рамки на проектот: „Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“;<br>• 22.03.2023 година - присуство на прослава по повод 78 години НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола;<br>• 30.03.2023 година - учество во работилница: „Јас сум ликовен уметник“ во рамки на проектот: „Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“ во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;<br>• 07.04.2023 година - креирање сликовница на тема: „Велигденска приказна“ во рамки на проектот: „Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“;<br>• 13.04.2023 година - присуство на претставата „Песната на царевата | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ќерка“ во рамки на проектот: „Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“ во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола;<br>• 16.05.2023 година - Посета на „НУ Завод и музеј“ - Битола;<br>• 17.05.2023 година - учество во работилница „Цветна бајка“ во рамки на проектот: „Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“ во Градскиот парк во Битола;<br>• 30.05.2023 година - учество во изработка на постер на тема: „Читањето е како сонување со отворени очи“ во рамки на проектот:<br>„Креативни забавни работилници за поттикнување на читањето кај деца со попреченост“ во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола<br>• 17.10.2023 година - предавање за значењето на здравата храна. На учениците им беа поделени флаери за да им се покаже дека и здравото е вкусно и да им се овозможи да се запознаат со еден интересен дел од производи кои би можеле да бидат ужинка или здрав оброк.<br>• 30.10.2023 година - изложба со есенски мотиви, организирана од нашите ученици со цел тие да ги | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | истакнат своите креативни и творечки способности, а воедно и да се чуствуваат расположено, исполнето, среќно и едукативно да ги поттикне учениците да размислуваат за културниот начин на живеење<br>• 27.12.2023 година - Новогодишна изложба на графички производи, едукативно ги поттикна учениците да размислуваат, а воедно и практично да го видат и да учествуваат во текот на целиот процес на одвивање на активностите и при тоа самите да увидат како и на кој начин може да ги користат нивните работни вештини стекнати на часовите по практична настава во понатамошниот нивен животен пат<br>• 27.12.2023 година – Новогодишна забава, дружење и создавање на пријателства, доделување на новогодишни пакетчиња на нашите ученици од учениците од ДСУ Спортска Академија - Скопје дисперзирана паралелка за фудбал Битола и Фудбалската Школа ЛГ Битола и BOOK’S HOUSE книжарница, а храната која беше приготвена се спакува и се донира на социјално загрозените семејства | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на дел од нашите ученици<br>• 01.04.2024 година - Маскенбал по повод Денот на шегата - Први април<br>• 13.05.2024 година - Изложба на фотографиите со пролетни мотиви, едукативно ги поттикна учениците да размислуваат за културниот начин на живеење и укажа на можноста дека од природата може да се создаваат прекрасни уметнички дела.<br><br>**5.4.2. Соработка со општината и урбаната заедница**<br><br>Училиштето е вклучено во животот на локалната заедница преку спроведување на заеднички проекти и учество на настани од интерес на заедницата. Тоа промовира волонтерско вклучување на учениците во активностите на заедницата како и вклучување волонтери од заедницата во наставните и во воннаставните активности. Училиштето се залага за мултиетничка интеграција и инклузивност во пошироката средина.<br><br>**Институции од област образование:**<br><br>- Со сите нивоа на образованието (МОН, БРО, Центарот за стручно образование и обука), сите | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | допирни министерства (Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура), институции од областа на социјалната заштита (Фондот на ПИОМ).<br>- Со редовните основни и средни училишта и ОУРЦ: ДУРДМОВ „Димитар Влахов“ - Скопје, ДУЦОР „Партенија Зографски“ - Скопје, ДСУ за рехабилитација и образование „Искра“ - Штип, СУГС „Орце Николов“ - Скопје , СУГС „Цветан Димов“ - Скопје, СУГС „Јосип Броз Тито“ - Скопје, СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин“ – Скопје, ОУРЦ „Иднина“ – Скопје, ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје, ОУРЦ „Маца Овчарова“ – Велес, ООУ „Климент Охридски“ – Прилеп, ООУ „Владо Тасевски“ - Скопје, ООУ „Кузман Шапкарев“ - Скопје, ООУ „Јохан Хајнрих Песталоци“ - Скопје, ООУ „Ванчо Прке“ - Штип, ООУ „Андреја Савески Ќиќиш“ - Тетово, ООУ „Лирија“ - Тетово, ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово, ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, ООУ „Димитар Македонски“ – Скопје, ООУ „Ѓорче Петров“ – Скопје, ООУ „Христо Узунов“ – | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Охрид, ООУ „Никола Карев“ – Крушево, и со повеќе ученички домови<br>- Со Институтот за специјална едукација и рехабилитација при Филозофскиот факултет – Скопје, Фондацијата „Професор Д-р Љупчо Ајдински“, ЕУРМ и со Факултетот за физичка култура, Универзитетот во Тетово, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков’ при Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ – Скопје.<br><br>**Институции од област на културата:**<br>- Соработка и потпомагање на културни училишни манифестации од страна на Министерство за култура<br>- Соработка и редовна посета на Драмски театар и Театар комедија<br>- Соработка со Градска библиотека ,,Браќа Миладиновци’’- Скопје<br>- Национална галерија на Република Северна Македонија<br>- Национална установа - Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Битола | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - НУ „Завод и музеј“ - Битола.<br><br>**Институции од област на спорт**<br>- ФФМ - Фудбалска федерација на РСМ<br>- ФУСМАК - Федерација на училишен спорт на РСМ – организатор на спортски натпревари за ученици со посебни потреби<br><br>**Локална заедница**<br>Училиштето е во соработка со општината Центар и Град Скопје за реализација на еколошката програма на локално ниво и за истата е потпишан меморандум за соработка<br>- Редовна соработка со Полициска станица - Општина Центар за превенција и зачувување на безбедноста на учениците;<br>- Соработка со оддел за малолетничка деликвенција при МВР – Скопје;<br>- Соработка со општина Центар и Град Скопје;<br>- Соработка со ЈП Паркови и зеленило;<br>- Соработка со ЈСП Скопје; | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Институции од област на здравствена заштита**<br>- Институции од областа на здравствената заштита: ЈЗУ „Здравствен дом на Скопје“, Завод за ментално здравје на деца и младинци „Младост“ - Скопје, Школски диспанзер - Здравствен дом Скопје, Оддел за детска и адолесцентна психијатрија при ЈЗУ Универзитетска Клиника за психијатрија – Скопје.<br>Училиштето има план за унапредување на здравјето и акционен план за грижа за здравјето на учениците кој е прилагоден на потребите на учениците и родителите.<br>Грижата за здравјето на учениците се реализираше преку здравствено образование. Учениците се воспитуваа да го унапредат квалитетот на сопственото живеење и одржување на личната и општата хигиена.<br>**5.4.3. Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор**<br>Училиштето остварува квалитетна партнерска соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | спроведување заеднички проекти поттикнати од двете страни.<br>Беше воспоставена и продлабочена соработката со низа невладини организации: „Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Центар“, УСАИД, Организацијата за промоција на асистивна технологија „Отворете ги прозорците“, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, НВО „Ајде Македонија“, „Нулта отпад“, „Пакомак“ - Скопје, „Еко стар рециклажа“, „Грин тех МК“, Анхоч, Ротари клуб Скопје Вест, НВО ЦМА „Крик“ - Скопје, танцов клуб „Еурека“, „Пулс фит“ - Скопје, Асеко СЕЕ ДООЕЛ - Скопје, гостилница Лира, Реплек АД, PIX+, Pop photo MK, „Окитекс ДОО“ - Скопје и Фонд за иновации и технолошки развој, Прокредит Банка АД Скопје, Женски клуб Inner Wheel Skopje - Europea, Здружение на граѓани Ротари Клуб Скопје Центар, Sorsix INTERNATIONAL Skopje, ДМ Дрогерие Маркт Дооел – Скопје, Каза бар, Ротари клуб Центар, Лајонс клуб Светлина, Рептил маркети, Денис Јанкуловски – Космонаутко – активист и претседател на здружението „Аутизам ААМК“, „Икуалити“ и „Визија плус“. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Донации во учебната 2022/2023 година беа доделени од страна на:<br>• ФФМ<br>• Триглав осигурување АД, Скопје<br>• Факултетско Студентско собрание на Економски факултет при УКИМ - 150 Новогодишни пакетчиња за учениците<br>• Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Центар - капи, шалови, ракавици и четки за заби за учениците и нивните семејства<br>• Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Центар во соработка со ученици од СУГС Јосип Броз – Тито - Скопје – 2 маси за фудбал<br>• Грин ворлд 3м дооел Скопје - зимзелени дрвца засадени пред училиштето<br>• Фротирка компани Делчево - крпи за раце<br>• Нобл Татјана дооел Скопје - текстилни материјали за потребите на<br>текстилната струка во училиштето<br>• Женски клуб Inner Wheel Skopje - Europea - табла со кош за потребите на училишната спортска сала<br>• Танцов клуб „Еурека“ - Скопје - Едукативни друштвени игри за учениците во Ученичкиот дом | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • PIX+ и Pop Photo MK – господин Орце Поповски - опрема за фотографирање и обука за фотографија на учениците (диплома) и наставниците спроведена на 02.03.2023 година и 09.03.2023 година<br>• Физичко лице - 2 униформи за наставниците и 10 униформи за учениците во угостителско-туристичката струка<br><br>Донации во учебната 2023/2024 година беа доделени од страна на:<br>• ДМ Дрогерие Маркт Дооел - Скопје - донираа 120.000 денари за набавка на 1 машина за перење на алишта, 2 електрични бојлери од 80л, нагледни средства и едукативни материјали и помагала за релаксација наменети за ученици со посебни образовни потреби и dm подарок пакет производи<br>• РОТАРИ КЛУБ СКОПЈЕ - ЦЕНТАР и ЛАЈОНС КЛУБ СВЕТЛИНА – донираа професионален миксер за тесто за поуспешно реализирање на практичната настава во угостителската струка.<br>• Прокредит Банка АД Скопје – донираа ранци, училиштен прибор и опрема и изградија 2 соблекувални | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | за потребите на Салата за спорт и спортски активности<br>• Фудбалска федерација на Македонија - фудбалска опрема и облека<br>• Ротари клуб Скопје Вест – донираа ваучер во вредност од 30000 денари со насока истите да се употребат за купување на техничка опрема за училиштето<br>• Болница „Аџибадем Систина“ – донираа новогодишни пакетчиња за сите ученици во училиштето<br>• Женски клуб Inner Wheel Skopje - Europea - донираа два комплета за пинг понг во спортската сала (2 мрежи, 4 палки и 100 топчиња)<br>• Каза бар – донира финансиски средства за реализација на матурската прослава<br>• Црвен крст на Република Сверна Македонија – Општинска организација Центар - донира 11 сандачиња со материјали по Прва помош<br>• Рептил маркети – донација на прехрамбени производи<br>• Борче - Dream travel и Сања - Ideal travel - несебична поддршка и хуманост<br>• ,,Алкалоид" - Скопје, „С-Маркет“ – Скопје, „С Б В Компани Беќир | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ДООЕЛ“ - Скопје, „Лола текс ДООЕЛ“ – Виница – донираа спортски ранци, храна, влечки и средства за лична хигиена<br>• Sorsix INTERNATIONAL Skopje – донираа електрично пијано<br>• Семејство Станковиќ – донираа патики на нашите ученици за реализација на наставата по спорт и спортски активности<br>• Бутик Енџел, Студио за професионална шминка ELENI MAKEUP и фризерски салон Јана – се погрижија за изгледот и шминката на дел од ученичките кои беа на Матурска прослава<br>• Танцов клуб „Еурека“ - Скопје - Едукативни друштвени игри за учениците во Ученичкиот дом | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за воспитно-образовниот кадар**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Дали воспитно-образовниот кадар за време на наставата и воннаставата подеднакво комуницира и помага на сите ученици без оглед на етничката, родовата и социјалната припадност и во однос на дополнителни специфични потреби?<br><br><br><br>• 88% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 12% одговориле со ДЕЛУМНО. | ***Анкетни прашалници за воспитно-образовен кадар*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали учениците добро се однесуваат кон воспитно-образовниот кадар?<br><br>• 100% одговориле со ДА, 0% со НЕ и 0% со ДЕЛУМНО. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали воспитно-образовниот кадар меѓусебно соработува?<br><br><br>• 75% одговориле со ДА, 0% со НЕ и 25% со ДЕЛУМНО. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали добрата клима во училиштето зависи од менаџирањето на истото?<br><br><br>• 88% одговориле со ДА, 0% со НЕ, и 12% со ДЕЛУМНО. | | |

- Дали училишната клима е добра?




- 88% одговориле со ДА, 0% со НЕ, и 12% со ДЕЛУМНО.

- Дали воспитно-образовниот кадар се однесува кон сите ученици праведно и етички?




- 100% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 0% одговориле со ДЕЛУМНО.

- Дали во училиштето се почитува кодексот на однесување?




- 38% одговориле со ДА, 0% со НЕ и 62% одговориле со ДЕЛУМНО.

- Дали училиштето го прифаќа мултикултурализмот и ги промовира и вреднува личните достигнувања на учениците?




- 100% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 0% одговориле со ДЕЛУМНО.

- Дали учествувате во училишните воннаставни активности?




- 88% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 12% одговориле со ДЕЛУМНО.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали досега сте биле наградени од училиштето за вашите активности?<br><br><br>• 50% одговориле со ДА, 50% одговориле со НЕ и 0% одговориле со ДЕЛУМНО. | | |

- Дали родителите се заинтересирани за соработка со вас?




- 75% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 25% одговориле со ДЕЛУМНО.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Прилог 2. Анализа на одговорите од анкетата за родители**<br><br>**Од одговорите на родителите добиени се следните резултати:**<br><br>• Дали сте задоволни од односот на наставниците со вашето дете?<br><br><br><br><br>• 75% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 25% одговориле со ДЕЛУМНО. | ***Анкетни прашалници за родители*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали вашето дете ги почитува наставниците?<br><br><br>• 100% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 0% одговориле со ДЕЛУМНО. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали вашето дете се дружи со деца од различни националности?<br><br><br>• 100% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 0 % одговориле со делумно. | | |

- Дали наградите влијаат позитивно на учениците?




- 100% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 0 % одговориле со делумно.

- Имаат ли влијание спроведените педагошки мерки?




- 50% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 50% одговориле со ДЕЛУМНО.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали наставниците и стручниот тим се заинтересирани за соработка со вас?<br><br><br>• 25% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 75% одговориле со ДЕЛУМНО. | | |

- Соработувате ли со раководителот на паралелката?




- 75% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 25% одговориле со ДЕЛУМНО.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали сте запознаени со правата на вашето дете во и вон училиштето?<br><br><br>• 25% одговориле со ДА, 0% одговориле со НЕ и 75% одговориле со ДЕЛУМНО. | | |

## Клучни силни страни и слабости

***Силни страни:***

- **Училишната клима е на високо ниво**
- **Училиштето постојано вложува во унапредување на дејноста и условите за работа како за учениците така и за сите вработени**
- **Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците**
- **Постои добра клима помеѓу вработените и учениците и е на високо ниво**
- **Вработените во училиштето и ученичкиот дом подеднакво се однесуваат кон сите ученици во текот на наставата, воннаставните активности и слободното време**
- **Училиштето ја вреднува и промовира етничката, културната, јазичната и секоја друга разноликост помеѓу учениците и вработените во училиштето. Мултикултурализмот има широка подршка од наставниците, родителите и учениците.**

***Слаби страни:***

- **Делумно се почитува кодексот на однесување**
- **Недоволна запознаеност на родителите со правата на децата**

***Приоритети:***

- **Одржување на работилници за запознавање на родителите со правата на децата**

| Заклучни согледувања |
| --- |
| Во училиштето преовладуваат добри меѓучовечки односи и почитување. Сите вклучени субјекти во воспитно-образовниот процес пријателски се однесуваат меѓу себе и создаваат услови за соработка и меѓусебна поддршка. Училишната клима е на високо ниво.<br><br>Училиштето освен по стандардните форми на комуникација, ги вклучува родителите при организација и реализација на активности во и надвор од училиштето.<br><br>Училиштето ја вреднува и промовира етничката, културната, јазичната и секоја друга разноликост помеѓу учениците и вработените во училиштето. Мултикултурализмот има широка подршка од наставниците, родителите и учениците. |

# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 6: Ресурси

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**6.1. Сместување и просторни капацитети**
- **6.1.1. Просторни услови**
- **6.1.2. Искористување на просторните капацитети**

**6.2. Наставни средства и материјали**
- **6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**
- **6.2.2. Училишна библиотека**
- **6.2.3. Потрошен материјал**
- **6.2.4. Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати**

**6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар**
- **6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници**
- **6.3.2. Ефективност и распоредување на кадарот**
- **6.3.3. Стручните соработници како подршка на наставниот кадар**

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**
- **6.4.1. Професионален и кариерен развој на наставниците**

**6.5. Финансиско работење во училиштето**
- **6.5.1. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| **6.1.** | **Сместување и просторни капацитети** | **6.1.1. Просторни услови**<br>Училишниот простор на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје ги исполнува условите за изведување на настава според нормативот. Училиштето располага со училишна зграда од 3294,19 м/2 со подрум, приземје и еден кат.<br>Наставата се одвива во 11 училници,8 работилници за изведување на практична настава, 1 сала за спорт и спортски активности, 2 соблекувални- машка и женска ( опремени со туш кабини и ормани за спортска опрема) и 1 Центар за кариерен развој. Учлниците се светли со големи пластични прозорци со добра звучна и топлотна изолација. Училиштето се загрева со централно греење. Големината на учлниците соодветствува на бројот на учениците во паралелката.<br>Училиштето располага и со 10 канцеларии и кабинети на стручната служба за третман и советодавна работа со учениците,1 наставничка канцеларија, 1 училишна библиотека,1 просторија за родители, 2 магацини и 5 простории со санитарни јазли од кои два се адаптирани за ученици со мултихендикеп.<br>Во просторот на Ученичкиот дом се сместени: 1кујна,1 трпезарија,1 занимална, 22 соби за сместување на ученици, 1 канцеларија за воспитувачи,1 просторија за хигиеничарки, 3 простории со санитарни јазли и 1 магацин. | • Анкентен прашалник за родители<br>• Разговор со наставниц | • Годишна програма<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Училиштето располага со вкупна дворна површина од 1240,51 м/2 кој е во релативно добра состојба во чии рамки се наоѓа и спортско игралиште кое во најскоро време треба да биде обложено со вештачка трева.<br><br>**6.1.2 Искористеност на просторните капацитети**<br>Училишните простории во училиштето ги задоволуваат потребите за непречено изведување на наставата и воннаставните активности за учениците. Училиштето има јасен план и распоред за максимална употреба на капацитети за изведување на наставата со што ги задоволува потребите на учениците. Капацитетите се користат оптимално и нив можат да ги користат сите членови во училиштето. | | |
| **6.2.** | **Наставни средства и материјали** | **6.2.1.Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>Училиштето не располага со доволна и соодветна стручна литература која во најголем дел треба да одговара на потребите на воспитно – наставниот процес.<br>Наставните средства се значаен фактор за успешно реализирање на воспитно-образовните цели и задачи. Училниците се опремени со доволен број наставни средства. Опременоста со наставни средства и помагала придонесува за зголемување на активноста на учениците, подигање на нивото и квалитетот на наставата и реализирање на програмските барања, а со тоа и за постигнување на подобри резултати. Учењето и наставата се збогатени преку планирано користење на инернет и | • Разговор со наставниц стручните соработн. и воспитен кадар | • Документација на училиштето за набавување литература и наставни помагала; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ИКТ. Трендот на доопремување на училиштето со потребна опрема за изведување на теоретска и практична настава нема да застане, напротив, училиштето и понатаму ќе настојува преку сопствените и други средства да го осовременува.<br><br>**6.2.2 Училишна библиотека**<br>Најголемиот дел од библиотечниот фонд го сочинуваат книгите од обласста на белетристиката и дела и лектири неопходни за обработка по предметот македонски јазик и литература. Останатото го сочинуваат разни книги, енциклопедии, речници, лексикони, списанија Библиотеката е отворена за користење од страна на наставниците и учениците во текот на целиот училишен ден. Библиотеката е добро уредена, располага со простор за читање кој се користи и за организирање разновидни вonнаставни активности, работилници и слично, а се води и електронска база на податоци за постојната литература во библиотеката.<br><br>**6.2.3.Потрошен материјал**<br>Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните активности и одреден дел од воннаставните активности: канцелариски материјали, потрошни материјали за реализација на практичната настава и средства за хигиена. За реализација на дел од воннаставните активности, училиштето активира и дополнителни извори за поддршка и помош во вид на наставни материјали и помагала, во зависност од видот на активноста, | • Разговор со сметков. | • Увид во библиотечната евиденција;<br><br>• Документација за планирани и набавени потрошни материјали<br>• Записници од активите<br>• Самоевалуац. на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | секако со прецизно наведен извор на средства и помагала и начини како се употребени. Училиштето вложува континуирани напори да одговори на современите барања на образовниот процес на секојдневието.<br><br>Табеларен приказ на потрошен материјал | | и План и Програма за развој на училиштето Полугодишен и годишен извештај, Годишна програма за работа на училиштето |

| Р. .бр | конто | Потрошен материјал | 2022г. | 2023г. |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 421310 | Канцелариски материјал | 78.834 | 48.226 |
| 2. | 423620 | Училишен материјал | 17.680 | 2.650 |
| 3. | 423710 | За одржување на хигиена | 68.687 | 58.320 |
| 4. | 423990 | Други материјали | 73.831 | 64.619 |

**6.2.4. Училишни работилници за практична настава опремени со машини, уреди, апарати и алати**

Училиштето располага со солидно опремени работилници за скоро сите струки кои се застапени во училиштето. За реализација на практичната настава училишните работилници располагаат со: 34 компјутери, 2 смарт табли, 10 бели табли, 18 машини за шиење, 1 плетачка машина, 1 машина за везење,1 графичка преса,1 преса за фолија, 1 тул машина, 1 нож книгов, 2 рачни преси, 1 печатарска машина, 1 линотип машина, 1 перфораторска машина, 1 машина за позлатување, 1 деклишер, 1 хефт машина, 1 машина за штанцување, 1 термо машина за печатење на чаши и маици, 1 катер, 1

- Увид во училишните работилници, машините, уредите, апаратите и алатите за практична обука;
- Пописни листи.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | сито печат и алат за сито печат, 6 ласер принтери, 1 мултифункционален принтер, 4 фотокопири, 1 рипстол, 1 лента за трчање, 1 степер дуо, 3 пинг-понг маси, 1 шведска клупа, 2 табла со кош, 4 еланови помагала (грби), 2 хидраулични дигалки, 2 машини за вулканизација на гуми и бандажи, 1 компресор, 1 столбна бушилка, 2 преси за лепење гуми, 1 машина за лепење прозори, 3 апарати за заварување, 1 ножица за лим, 1 брусалка статична, 1 дребонг, 1 електрични скари, 2 фурни, 2 шпорети. | | |
| **6.3.** | **Обезбедување на потребниот наставен кадар** | **6.3.1. Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници**<br>Во училиштето има вкупно 54 вработени. Бројот на вработени одговара на потребите на училиштето и сите се со соодветно образование согласно нормативот, законот и систематизацијата на работни места.<br>Вработените во училиштето се распоредени на следниот начин:<br>• директор<br>• помошник-директор<br>• 5 стручни соработници (3 дефектолози, психолог и социјален работник)<br>• 31 наставник<br>• 5 воспитувачи<br>• 2 административни работници<br>• 10 техничка служба | • Разговор со секретарот на училиш. | • Досиеја на вработени<br>• Акт за организација и систематизац. на работните места;<br>• Годишна програма за работа на училиштето; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Според степенот на образование** од вкупниот број на вработени во училиштето 4 се магистри, 33 се со високо образование, 1 со вишо образование, 6 со петти степен, 9 вработени се со средно и 1 со основно образование .<br><br>**Според работното искуство** состојбата е следнава:<br><br>• од 0 до 10 години работен стаж - 15 вработени<br>• од 11 до 20 години работен стаж - 16 вработени<br>• од 21 до 30 години работен стаж - 13 вработени<br>• над 31 години работен стаж - 10 вработени<br><br>**По национален состав** структурата е следнава: 51 Македонец , 1 Албанец и 2 Други.<br><br>Тројца од наставниците изведуваат настава во дисперзираните паралелки во Битола.<br><br>Квалитетот на работата во училиштето е условен од квалитетот и стручната подготвеност на наставникот, кој треба да располага со широка психолошка-педагошка култура и дидактичка оспособеност. Поради тоа сите наставници и воспитувачи поседуваат дефектолошка доквалификација.<br><br>За нововработените наставници и стручни соработници (приправници), се назначуваат ментори од страна на директорот. Воедно наставниците-приправници се задолжуваат со педагошко-психолошка доквалификација (доколку приправникот има ненаставна струка) и дефектолошка доквалификација. За наставникот-приправник,од страна на менторот се изготвува план за работа, се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | евидентира и се следи неговата работа и се изготвува извештај за реализираните активности. По истекот на приправничкиот стаж приправникот полага стручен испит.<br><br>Во склоп на училиштето работи и Ученички дом како воспитно-образовна установа во која се вработени 5 воспитувачи кои својата работа ја остваруваат според утврден план и програма за работа.<br><br>**6.3.2. Ефективностност и распоредување на кадарот**<br><br>При распределба на кадарот се земаат во предвид квалитетите, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата.<br><br>Наставниците, освен реализација на наставата, како примарна цел, ефективно и успешно работат како тим во рамките на активите. Во училиштето има 3 активи: Актив на наставници по теоретска настава, Актив на наставници по практична настава и Актив на воспитувачи. Сите активи реализираат сопствена програма за работа, за што постои и записничка евиденција.<br><br>Персоналот редовно е присутен во извршување на работните обврски и задачи. Секое отсуство редовно се пријавува кај раководниот орган. Отсуствата од работа се во согласност со Законот за работни односи. Кога има отсутни наставници нема прекин на наставниот процес. Во случај на подолго отсуство на наставник се наоѓа соодветна | | • Програми за работа и извештаи на наставниците ментори |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | замена, а за пократки отсуства се прават навремени замени од страна на стручните соработници или класот се комбинира со соодветен клас по даден предмет според распоредот на часови. Редовноста на вработените се следи со евидентирање со електронски картички.<br><br>Постои соработка и дополнување помеѓу наставно-воспитниот кадар и административно-техничкиот персонал во училиштето.<br><br>Кадровската политика во училиштето е дел од ингеренциите на раководниот тим на училиштето и органот на управување.<br><br>**6.3.3.Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар**<br><br>Стручната служба во училиштето ја сочинуваат: психолог, дефектолози и социјален работник.<br><br>Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворена за соработка.<br><br>Стручната служба соработува со наставниците во организацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците.<br><br>Една од клучните надлежности на стручниот соработник во училиштето е поддршката на наставниците во планирање и реализирање на воспитно-образовната работа со цел подобрување | • Анкетни прашалн. за наставниц. | • Записници од стручните активи; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | на поучувањето, а со тоа и учењето на учениците, подобрување на постигањата на учениците и развивање на нивните психомоторни способности.<br><br>Во училиштето постои соодветна соработка на стручниот соработник и наставникот, меѓусебните односи се засновани на почит, разбирање и доверба. Соработката се реализира преку стручни тела, односно активи, совети на паралелката, наставнички совет, индивидуални средби, а во форми планирани во годишната програма за работа (посета на часови, работилници, размена на материјали и др.), како и неформална колегијална помош и соработка.<br><br>Активностите за поддршка на наставниците, стручниот соработник често ги остварува низ тимска работа со другите стручни соработници во училиштето. Во случај на тимска работа секој стручен соработник дава поддршка за оние аспекти на работата на наставникот за кои е најкомпетентен. | | |
| **6.4.** | **Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **6.4.1. Професионален и кариерен развој на наставниците**<br><br>Училишната програма за професионален развој има за цел да го надгради и подобри системот за професионален и кариерен развој на наставниците, воспитувачите и стручната служба и на тој начин да придонесе за поквалитетна воспитно-образовна работа на истите, со цел повисоки постигнувања на учениците во воспитно-образовните установи во Република Северна Македонија.<br><br>Во училиштето се реализира предвидениот процес на детекција на личните потреби за | | • Програма за работа на стручните соработници<br>• Извештај и записници од работата на стручните соработници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | професионален развој, односно сите чинители на наставно-воспитниот процес изработуваат личен план за професионален развој и врз основа на личните планови за професионален развој, тим формиран од директорот врши селекција на приоритетните потреби и ги имплементира во годишна програма за професионален развој на ниво на училиште. Училиштето поседува годишни програми за професионален развој за изминатите две учебни години.<br><br>Наставно-воспитниот кадар и стручната служба во последните две учебни години имаат посетено разни обуки за професионално усовршување<br><br>**Обуки за професионален развој во учебната 2022 - 2023 година**<br><br>**СЕРТИФИКАТИ**<br>12.09.2022 - „Претприемај се“, Еразмус+ проект (ЦМА Крик, ГРИТ)<br>14.09.2022 - Настан за презентирање и тестирање на резултатите од проектот: „Гејмификациски алатки за младинско учење“, Еразмус+ (ЦМА Крик со партнерите)<br><br>18.24.09.2022 - „Short-Term Exchanges of groups of pupils“ Erasmus+ Project Let’s get G.R.E.E.N (Cesu Berzaines pamatskola – attistibas centrs, Cesis - Latvia)<br><br>29.09.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Развивање програми за реализација на слободни изборни предмети“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 29.09.2022 - Настан за промовирање на резултатите од проектот: „Сите за инклузија“ Стратешко партнерстно КА2 (ЦМА Крик во партнерство со ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>05.10.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Развивање на креативните вештини преку визуелни приказни“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>Октомври 2022 - Реализација на обуки во склоп на Едукативна школа 2 - за родители на деца од 6-13 год. на тема: „Влијание на родителите врз своите деца - како да се подобриме“, „Семејни релации на 21-виот век“ (Центар за развој, едукација и советување МАША МАРИЈА - Скопје)<br><br>26.10.2022 - Online training programme: „Storyliving training program - methodology of digital storytelling“, Еразмус + проект StoryLiving - Enabling youth with developmental disabilities & mental health disorders to share their COVID-19 experiences through digital storytelling (Family and childcare Center - KMOP, Skopje)<br><br>27.10.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Улогата на ресурсниот центар во поддршка на редовните основни училишта“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>07.11.2022 - „Учество и реализирани активности во рамки на програмата за унапредување на менталното здравје на деца и млади во образовни, здравствени и згрижувачки институции“ (МОН, БРО) | | • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Интерни акти<br>• Разговори со стручните соработници, наставниците, воспитувачи и со директорот; Лични планови за професионалн развој<br>• Програма за професионалн развој на наставниот кадар, стручната служба и воспитувачи; Професионалн досие на наставник, стручен соработник, воспитувач; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 08.11.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Рана интервенција - Достапни опции и услуги (ICF)“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>24.11.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Стимулација на говор во рана возраст + Cboard“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>29.11.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Инклузивни тимови во градинка (искуства и следни чекори) + водич за инклузивни практики“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>01.12.2022 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Предизвикувачко однесување – справување и добри практики“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>01-11.12.2022 - Реализација на работилница и членство во Организациски Одбор на Денови на Психологија 2022 на тема: „Да не го игнорираме слонот во собата - да зборуваме за табу теми“ (Комора на психолози на РМ)<br><br>04-09.12.2023 - „Short-Term Exchanges of groups of pupils“, Erasmus+ Project Let’s get G.R.E.E.N (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје, Р. Северна Македонија)<br><br>01.02.2023 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Вклучување на деца бегалци, мигранти, без државјанство и баратели на азил во воспитно-образовниот процес“(МОН, БРО, Unicef, Smartup) | | • Извештај од самоевалуација а Програма за работа на менторот и нововработениот во текот на учебната година<br>• Листи од спроведените обуки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 28.02.2023 - „Piloting workshop for the included sex-ed programme“. Еразмус+ проект INCLUDED: Inclusive sex-ed through creative methods (Family and childcare Center – KMOP, Skopje)<br><br>11-13.03.2023 - „Примена на програма за инклузивно сексуално образование преку креативни методи:<br><br>Е-курс за наставници“ (Family and childcare Center – KMOP, Skopje)<br><br>20-24.03.2023 - „Short-Term Exchanges of groups of pupils“ Erasmus+ Project Let’s get G.R.E.E.N (Centrul Scolar de Educatie Incluziva Nr.1, Sibiu - Romania)<br><br>28.03.2023 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Нови медиуми и социјални мрежи“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>30.03.2023 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Родителите и децата од дигиталната генерација“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>31.03.2023 - „Инклузија“ (Мозаик Меик - Скопје)<br><br>06.04.2023 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Визуелни дезинформации и фотофорензика“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>12.04.2023 - ЕДУИНО ВЕБИНАР: „Говор на омраза во онлајн медиумите“ (МОН, БРО, Unicef, Smartup)<br><br>22 до 26.05.2023 - „Short-Term Exchanges of groups of pupils“ Erasmus+ Project Let’s get G.R.E.E.N (Osnovna sola Brinje, Grosuplje - Slovenia) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПОТВРДИ**<br>14.10.2022 - „Презентација на активностите и образовниот систем за време на посетата на Латвија“. Еразмус+ проект Let’s get G.R.E.E.N (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>13.12.2022 - „Активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција“ (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>04.04.2023 - „Презентација на активностите и образовниот систем за време на посетата на Романија“. Еразмус+ проект Let’s get G.R.E.E.N (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>05.04.2023 - „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“ настан од арт секција (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>09.06.2023 - „Презентација на активностите и образовниот систем за време на посетата на Словенија“. Еразмус+ проект Let’s get G.R.E.E.N (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>29.06.2023 - „Дисеминација на тема: Инклузија“ (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **БЛАГОДАРНИЦИ**<br>02.11.2022 - „Постигнати посебни резултати во афирмацијата на училиштето на организирани ученички натпревари“ (ООУ „Ванчо Прке“ - Штип)<br><br>07.02.2023 - Учество во проектот „Птици“ по повод Меѓународниот ден на аутизмот (Национална галерија на Република Северна Македонија)<br><br>11.05.2023 - Учество во „Пролетни регионални спортски игри за ученици со посебни образовни потреби“ (Општина Тетово во соработка со ООУ „Андреја Савески Ќиќиш“ и ООУ „Лирија“ од Тетово)<br><br>16.05.2023 - Учество на „Регионални спортски игри“ (ДСУ за рехабилитација и образование „Искра“ - Штип)<br><br>**ДИПЛОМИ**<br>23-25.09.2022 – учество на „Државни спортски игри“ во Охрид (МОН, ФУСМ и Агенција за млади и спорт на Република Македонија)<br><br>25.10.2022 – Учество на „Регионални спортски игри за ученици со посебни способности“ (ООУ „Браќа Миладиновци“ - Куманово) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Обуки за професионален развој во учебната 2023 - 2024 година**<br><br>**СЕРТИФИКАТИ**<br>01.11.2023 – „Understanding Motivation and Procrastination“ (Mindrspring – MENTAL HEALTH ALLIANCE)<br><br>11-12.11.2023 – „Современи трендови во психологијата“ – Конгрес на психолози (Комора на психолози на Р. Македонија)<br><br>27.11.2023 – „Training Course for Promoting Intercultural Dialogue Online Among Youth“ – Еразмус + проект „FREE TO BE“ (GAYCS)<br><br>Декември, 2023 – „Начини на превенција и справување со насилство во училиштата“ (БРО, CES ACADEMY)<br><br>11.04.2024 – Webinar on Neuropsychology & Neuroscience: From Clinical Practice to Science and Back (Psychology Department of CITY College, University of Europe Campus)<br><br>03-05.06.2024 – International Scientific Conference „New Horizons in Psychological Science and Practice“, 50th Anniversary of the Institute of Psychology (Институт за психологија – Филозофски факултет, УКИМ „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје)<br><br>14.06.2024 – Завршен настан за презентација на Еразмус+ проектот: „Поддршка на инклузивната училишна средина преку најдобри практики на ко- | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | наставата и ресурсните центри“ (Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори на Република Северна Македонија, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, European Union)<br>27.06.2024 – National workshop, aimed at professionals who work with young people, focusing on promoting HANDBOOK for mental health, Еразмус+ проект Hold On – Fostering access to mental health support for young people (Family and childcare Center - KMOP, Skopje)<br>18.08.2024 - Обука на тема: „Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ - SELFIEforTEACHERS, алатка за самооценување базирана на Европската рамка за дигитална компетенција на едукаторите (European Commission, Gopa Worldwide Consultants GmbH)<br><br>**ПОТВРДИ**<br>01.12.2023 – „Активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција“ (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје)<br><br>27.11.2023, 04.12.2023, 11.12.2023 – „Препознавање и првична поддршка на деца жртви на родов<br><br>о-базирано или семејно насилство“ (Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство) | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 21.02.2024 – Трибина „Јазици без граници“ – одбележување на Меѓународниот ден на мајчиниот јазик (ИМЈ „Крсте Петков Мисирков“ – Скопје)<br><br>17.04.2024 - „Тука сме, заедно сме, а можеме повеќе“ настан од арт секција (ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ - Скопје)<br><br>**БЛАГОДАРНИЦИ**<br>Септември – декември, 2023 – „Зелена инклузивност“ – Проект на Црвен Крст на Р. Северна Македонија – Општинска организација Центар<br><br>20.06.2024 – „3.Фестивал на инклузија“ – општествен и интеграциски културен настан (Здружение на граѓани за активно вклучување и соодветен третман на лицата со попреченост „Икуалити“, Здружение за едукативни и хуманитарни активности „Визија плус“ и Општина Кисела Вода - Скопје)<br><br>До моментот на поднесување на овој извештај се посетени и следниве обуки но, за истите до овој момент не се добиени сертификати:<br><br>1. 11-12.04.2024 – Обука на тема: „Превенција на врсничко насилство во училишта - психосоцијална поддршка и работа со момчиња во криза“ (ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување)<br>2. 15.08.2024 – Обука на тема: „Вештините за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците, врз основа на најдобрите практики на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6.5 | **Финансиско работење во училиштето** | ЕУ“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ (Gopa Worldwide Consultants GmbH)<br>3. 15-16.08.2024 – Обука на тема: „Инклузивна педагогија“, проект „Подобрување на квалитетот на образованието“ (Gopa Worldwide Consultants GmbH)<br><br>**6.5.1 Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет**<br>Во нашето училиште се води материјално и финансово сметководство, се изготвуваат финансови извештаи, завршни пресметки, попис на основните средства и други извештаи кои како буџетски корисник училиштето има обврска да ги доставува до соодветните институции.<br>Училиштето работи со две буџетски жиро-сметки и тоа:<br>**Сметка-160010337960318**<br>Буџетската сметка на училиштето е финансирана од Министерството за образование и наука и тоа:<br>-програма 30 (средно образование) - се добиваат средства за плати на вработените, за комуналии врз основа на доставени фактури, превоз на учениците, како и дел за плаќање на фактури за материјали,тековно одржување, договорни услуги и опрема<br>-програма 13 (интегрирано образование) ) се добиваат средства од МИО и истите се користат наменски за реализација на истиот.<br>-програма 50 (ученички стандард) се добиваат средства за учениците кои се сместени во домот и истите се распоредуваат за покривање на трошоците за престој и исхрана.<br>**Сметка-160010337978715** | | • Финансиски план, Развоен план Годишната програма за работа на училиштето<br>• Записници од разговори со сметководител и секретар на училиштето<br>• Разговор со претседател на училишниот одбор Записниците и одлуките на Училишниот Одбор<br>• Записници од разговори со тимот за меѓуетничка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Оваа сметка на училиштето е сметка од самофинансирачки активности и приходите се остваруваат од извршени услуги како и одредени активности за кои учениците добиваат финансиски средства.<br>**Сметка-1600103379785- Работење со проекти од ЕУ**<br>Ако се работи на проекти од ЕУ тогаш согласно со буџетското работење и насоките од МОН се поднесуваат и отвараат жиро сметки за секој проект-поединечно. Се работи со програма 30(средно образование) а работењето се спроведува како останатите сметки со финансови планови кои ги одобрува МОН и плаќања преку трезорската канцеларија.<br>Спроведувањето на постапките за јавни набавки на училиштето е во согласност со законските прописи. Редовно се изготвува план за набавки во тековната година. Планот за јавни набавки се презентира и усвојува од страна на Училишниот одбор и се објавува во предвидениот законски рок на електронскиот систем за јавни набавки при Бирото за јавни набавки.<br>Постапката за јавни набавки ја спроведува комисија за јавни набавки составена од претседател и најмалку два члена.<br>Преку интервју со претседателот на Училишниот одбор заклучено е дека буџетот се користи наменски и за креативни цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. | | интеграција<br>• Склучените договори, тендери за јавни набавки<br>• Годишни и полугодишни финансиски извештаи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Училишниот одбор редовно добива извештаи за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето, и редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства.<br>Почитување на законската регулатива за финансиското работење во училиштето се обезбедува со целосен увид и контрола од страна на директорот и Училишен одбор како и редовно следење на промените во законската регулатива како и редовно доусовршување и информирање, преку семинари и советувања за финансиското работење.<br>Училиштето ги информира органите и телата на училиштето за училишниот буџет и трошењето.<br>Раководниот орган доставува информации за средствата со кои располага училиштето. Во неколку наврати во текот на учебната година раководниот орган на училиштето дискутира со наставниот кадар за потребите на наставниците, стручните активи и училиштето воопшто и за соодветно наменско користење на расположивите средства. Раководниот кадар ги консултира вработените за начинот на кој се потрошени одредени средства кога е тоа потребно. Дел од средства се планира за реализација на креативни цели кои подразбираат афирмација на способностите на учениците, подобрување на нивната работа и посредно вложување во одржување на имиџот на училиштето.<br>Податоците за целокупното финансиско работење на училиштето (приходи, расходи) се приложени во завршната сметка за тековната година. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Во интервју со Директорот на поставените прашања се добија следните одговори:<br>• Дали училиштето на почетокот на секоја година изработува прецизен финансиски план за материјалното – финансиско работење, каде што се планираат средствата за сите жиро сметки на училиштето?<br>Директорот одговори: Да,тоа се изработува по соодветни анализи и развојниот план на училиштето во соработка со сметководител, благајник и секретар.<br>• Дали во училиштето правилно се утврдени приоритетите за распределба на финансиските средства и со финансиите добро, рационално и наменски се раководи?<br>Директорот одговори: Да, се работи согласно законските прописи и со континуирана консултација со сметководство, магационер, благајник и секретар.<br>• Дали Училишниот одбор редовно добива извештај за финансиската состојба на училиштето?<br>Директорот одговори: Да, се работи транспарентно и во секој момент сметките на училиштето се достапни до членовите на Училишниот одбор.<br>• Дали наставниците, стручните соработници, јавно и транспаретно се запознаени со финансиските активности и финансиската состојба на училиштето?<br>Директорот одговори: Да, преку нивните претставници кои се членови на Училишниот одбор можат да се информираат во секое време. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали училиштето има сопствени приходи?<br>Директорот одговори: Не, поради долга и сложена процедура со минимални или никакви бенефити за учениците и училиштето.<br>• Дали во училиштето се изработуваат проекти со кои се конкурира за доделување на финансиски или технички средства?<br>Директорот одговори:  Да. Проекти се изработуваат заедно со локалната и бизнис заедница во кои учествуваат и наши вработени.<br>• Дали се спроведуваат средби со стручните активи за набавка на нагледни средства и помагала спрема потребите?<br>Директорот одговори: Да, тоа се практикува секоја учебна година еднаш до два пати по претходно состаноци на активите согласно законите | | |

## ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за родителите**

**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**

1. Дали сте запознаени со тоа какви услови има Вашето дете на училиште?




- **60 %** одговориле со ДА, 4**0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

***Анкетни прашалници за родители***

2. Дали сметате дека затоплувањето во училиштето е оптимално?




- **40%** одговориле со ДА, **60%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

3. Дали  сметате дека хигиената во училиштето е според  стандардите за вакви установи?




- **40%** одговориле со ДА, **40%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **20%** одговориле со НЕ.

4. Дали големината на училиниците е соодветна според бројот на учениците?




- **60%** одговориле со ДА,**30%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

5. Дали просторните капацитети со кои располага училиштето ( училиници, училишен двор, работилници, спортска сала) максимално се користат за изведување на наставните и воннаставните активности




- **50%** одговориле со ДА, **40%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

**Прилог 2. Анализа на одговорите од анкетата за наставниците**

**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**

1. Дали во организацијата на наставниот процес имате помош од стручната служба?




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

***Анкетни прашалници за наставници***

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2. Дали редовно од страна на стручната служба се добиваат упатства за водење на педагошката евиденција?<br><br><br>• **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

3. Дали учениците во секое време можат да добијат советодавна помош од страна на стручната служба?




- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

4. Дали стручната служба имаат механизми со кои се следи напредокот на наставниците и на учениците ( посета на часови, консултативни разговори со наставници и ученици, анализа на успех, анкети, професионални досиеа на наставници)?




- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 5. Дали во случај да се појави конфликт помеѓу наставник – ученик, наставник – родител и ученик, стручната служба се вклучува правовремено и помага да се реши истиот?<br><br><br>• **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

**Прилог 3. Анализа на одговорите од анкетата за наставниците**

**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**

1. Дали училиштето ги индетификува потребите за професионален развој на наставно – воспитниот кадар, преку разни форми за нивна и детификација?




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

2. Дали училиштето има програма и стратегија за обезбедување на професионален развој?




- **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

3. Дали училиштето обезбедува финансиска подршка за учество на конгреси, семинари, обуки и други професионални манифестации?




- **60%** одговориле со ДА, **30%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 4. Дали се јасни целите и приоритетите во врска со професионалното усовршување на наставно – воспитниот кадар во училиштето?<br><br><br>• **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 5. Дали имате можност да влијаете на изборот на теми за професионално усовршување?<br><br>• **70%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

6. Дали наставниците – приправници се воведуваат во работата и наидуваат на подршка?




- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

7. Дали во училиштето има правилници и други внатрешни механизми за одавање на признанија и наградување на наставно – воспитниот кадар кој вложува во своето усовршување, активен е во различни сфери на дејствување поврзани со образованието и внесува новини во работата?




- **70%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **20%** одговориле со НЕ.

8. Дали сте вклучени во некои форми на професионално усовршување надвор од училиштето?




- **20%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **80%** одговориле со НЕ.

## Клучни силни страни и слабости

*Силни страни:*

- Училишниот простор ги исполнува условите за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на наставата
- Во училиштето максимално се користат расположливите капацитети за реализација на наставата и воннаставните активности
- Континуирано се утврдува потребата за наставни средства и помагала и истите се набавуваат согласно потребите за да одговараат на современите образовни трендови
- Секој од наставниците и стручните соработници во училиштето има лаптоп за потребите на планирање и реализација на наставата
- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности, согласно планот на училиштето
- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето
- Наставниот кадар се распоредува според стручност и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции
- Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми
- Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства

***Слаби страни:***

- **Недоволна вклученост на соодветни обуки**

***Приоритети:***

- **Постапки со кои на обуките би биле вклучени соодветен наставно – воспитен кадар според стручноста**

## Заклучни согледувања

Тимот кој работеше на евалуација на подрачје настојуваше објективно, критички и аргументирано да ги анализира и евалуира податоците за да одговори на прашањата кои се однесуваат на ова подрачје. Во подготовката на извештајот податоците ги црпевме од законските акти и постоечката документација во училиштето.

Наставата во училиштето се изведува во просторни услови кои ги задоволуваат барањата согласно Нормативот и големината на училниците. Во училиштето постојано се изнаоѓаат начини за обезбедување на средства за одржување на постоечките ресурси и средства за наменско инвестирање за подобрување на условите за реализација на наставно – воспитниот процес.

Училиштето располага со најразлични наставни средства и материјали кои секојдневно се користат во наставно - воспитениот процес со цел успешна и квалитетна реализација на наставата. Потребите на наставни средства и материјали се утврдуваат во договор со директорот на училиштето и училиштето во согласност со своите можности ги обезбедува потребните наставни средства и помагала. Наставниците сметаат дека училиштето располага со наставните средства и материјали кои им се потребни за реализација на наставата и истите секогаш им се достапни. За секој од наставниците во училиштето е набавен лаптоп за потребите на планирање и реализација на наставата. Библиотеката е добро уредена, располага со простор за читање кој се користи и за организирање разновидни воннаставни активности, работилници и слично. Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и воннаставните активности согласно планот научилиштето.

Во училиштето има вкупно 54 вработени и бројот на вработени одговара на потребите на училиштето. Воспитно - образовниот процес во училиштето го реализираат вкупно 30 наставници и најголем дел од наставниците се со високо образование. Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно–образовниот процес. Наставниот кадар е во согласност со нормативите, квалификуван и способен да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Училиштето ги следи законските рамки за реализација на приправничкиот стаж, а при вработување и распределба на кадарот се земаат предвид соодветната квалификација, искуството и експертизата на наставниците што придонесува за исполнување на целите на наставата. Наставниците ефективно придонесуваат за работата на училиштето и успешно работат

како тим во рамките на стручните активи.

Целиот персонал е редовно присутен во извршување на работните обврски и задачи. Сите отсуства од работа редовно се пријавуваат кај работодавниот органи и се во согласнот со Законот за работни односи. Редовноста на вработените исто така се следи со евидентирање со картички на електронски апарат за време.

Стручните соработници во училиштето им помагаат на наставниците во организација на наставата, во следење на напредокот на учениците, во справување со проблемите на индивидуално но и групно ниво и давање на советодавна помош на учениците.

Професионалниот развој на наставниците се планира и реализира индивидуално. Секој наставник изработува личен план за професионален развој го имплементира истиот, изготвувајќи извештај за неговата реализација. Врз основа на личните планови за професионален развој, годишната програма за работа на училиштето, како и програмата за развој се изработува план за професионален развој на ниво на училиште и се следи неговата имплементација. Наставниците во училиштето настојуваат да одржат чекор со сите модерни трендови и успешно да ја реализираат наставата со цел подигнување на квалитетот на истата и стекнување на трајни и применливи знаења. Професионалното усовршување на наставниците во училиштето се остварува преку акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од Министерството за образование и наука и преку интерно лично стручно усовршување. Стручните соработници за воспитно - наставниот кадар уредно водат педагошка евиденција за професионален развој, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите признанија, сертификати, дипломи и сл. Овие професионални досиеја редовно се ажурираат.

Училиштето за финансирање на дејноста и другите потреби се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија. За да биде добро спроведувано и контролирано финансиското работење, училиштето доследно ги спроведува законите за јавни набавки и се консултира со надлежните органи од Министерството. За финансиското работење, односно училишниот буџет и трошоците се запознаени членовите на Училишниот одбор, сите вработени и МОН преку полугодишниот и годишниот извештај за финансиското работење на училиштето.

# Самоевалуација на училиштето: ДСУ за рехабилитација и образование

# „Св. Наум Охридски“ - Скопје

# Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики

**Оддели во рамките на подрачјето:**

**7.1 Управување и раководење со училиштето**
- **7.1.1 Управување со училиштето**
- **7.1.2 Раководење со училиштето**

**7.2 Цели и креирање на училишната политика**
- **7.2.1 Јасност и соодветност на мисија и визија**
- **7.2.2 Процедури за креирање на училишна политика**
- **7.2.3 Резултати од развојното планирање**

| Бр. | Индикатори за квалитет | Теми | Инструмент | Извори на податоци |
|---|---|---|---|---|
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | **7.1.1 Управување со училиштето**<br>Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор. Неговиот состав и улога се дефинирани со закон. Составен е од 12 члена: четворица претставници од наставно-воспитниот кадар на училиштето, тројца претставници од родителите/старателите на учениците, тројца претставници од основачот (Влада на РСМ), еден претставник од Министерството за образование и наука и еден претставник од деловната заедница (Стопанска комора) кој нема право на глас. Членовите на Одборот, освен претставниците на родителите на учениците, се именуваат за период од четири години со право на уште еден мандат. Актуелните членови на УО се општо прифатени и избрани јавно и демократски. Во Училишниот одбор постои правична застапеност во однос на половата припадност.<br>Работата на УО е регулирана со Деловник за работа на УО. Работата на УО е во рамките на пропишаните надлежности дефинирани со постојната законска регулатива и Деловникот за работа на УО.<br>Годишната програма за работа на УО, е составен дел на Годишната | • Прашалник за наставници<br>• Прашалник за родители<br>• Интервју и прашалник со директор | • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Правилник за систематизација на работни задачи<br>• Правилник за внатрешна организација<br>• Правилник за наградување<br>• Решенија за распоредување на работни места<br>• Интерни акти<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Самоевалуација на училиштето<br>• Записници од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | програма за работа на училиштето. Седниците се одржуваат и полноправно се одлучува доколку е обезбеден законски утврдениот кворум за работа. Присуството на седниците е редовно од претставниците на сите структури. Подготовката на предлог-дневен ред за седница е во координација меѓу претседателот на УО, директорот и секретарот. Стручните и административни подготовки за седниците ги изготвува и организира секретарот/правникот на училиштето кој е и записничар. Претседателот ги организира, свикува и претседава со седниците на УО. Усвоените записници и одлуки се прикачуваат на огласна табла во наставничка канцеларија. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Годишниот извештај од работата на УО е дел од годишниот извештај за работата на училиштето. Соработката со директорот на училиштето е на високо ниво. Остварен е партнерски однос. Директорот на училиштето обезбедува информации и податоци за училишниот одбор кои се потребни за донесување на одлуки.<br><br>**7.1.2 Раководење со училиштето**<br>Директорот е раководен орган на училиштето. Директорот на училиштето | | Инспекциски надзор на ДПИ<br><br>• Записници од Санитарна инспекција<br>• Записници од други инспекциски надзори<br>• Годишни програми за работа на училиштето 2022/2023 г. и 2023/2024 г.<br>• Програма за работа на директор<br>• Програма за работа на помошник-директор<br>• Програма за родителски средби<br>• Програма за класен час<br>• Годишни и полугодишни извештаи за работата на училиштето 2022/2023 г. и 2023/2024 г.<br>• Записници, одлуки и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | е одговорен за законитоста во работата на училиштето, ја организира и ја раководи воспитно-образовната работа, донесува одлуки и училиштето го застапува пред надворешни лица.<br>Раководен орган во училиштето е Златко Маројевиќ.<br>Програмата за работа на директорот е интегрален дел на Годишната програма за работа на училиштето. Политиката на неговото раководење, главно се базира на две основни групи на работа, педагошко-инструктивна и административно-организаторска. Директорот спроведува тимска работа. Сите активности во училиштето се реализираат од тимови во кои се вклучени релевантни субјекти (наставници, воспитувачи, стручни соработници, родители, ученици и надворешни субјекти).<br>Директорот се стреми кон реализирање современ, модернизиран воспитно-образовен процес кој овозможува стекнување на знаења, умеења, вештини, стручна обука и развој на личноста на учениците. Современата и ефикасна настава во училиштето е во функција за оптимален индивидуален развој на учениците и наставниците, компатибилна на современиот начин на живеење. Во таа насока, ја организира, поттикнува, | | извештаи од работата на Училиштен одбор, Наставнички совет, Совет на годината, Совет на родители и од состаноците на Стручните активи и Стручната служба<br>• Записници од Еко-одбор<br>• Акционен план за постигнување на поставените цели<br>• Меморандуми за соработка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | насочува и ја вреднува работата на сите носители на работните задачи во училиштето, градејќи професионален однос кон работата и вработените. Ја следи воспитно-образовната и стручно-педагошката работа и презема активности за унапредување и усовршување на работата на наставниците, воспитувачите и стручниот тим. Планира, поттикнува и го следи професионалниот развој на вработените. Во фокус на неговото работење е обезбедување и подобрување на условите за работа во училиштето и обезбедување на материјални средства. Се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрување на резултатите на училиштето. Соработува со сите институции за образование (МОН, БРО, Центар за стручно образование и обука), сите допирни министерства (Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура), институции од областа на социјалната заштита (Фонд на ПИОМ). Исто така, учествува на собири каде се разработуваат теми од областа и специфичностите на училиштата во кои се образуваат ученици со посебни | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | образовни потреби.<br>Директорот иницира и воспоставува продуктивна соработка со локалната и пошироката заедница. Акцентот го става на афирмирање на училиштето и струките кои се изучуваат во училиштето, преку разни проекти и активности, со цел опфаќање на што поголем број ученици. Во таа насока, во изминатите две учебни години, реализирани се работни посети на основни и средни училишта. Со цел афирмација и промоција на активностите, директорот, даваше интервјуа за медиуми.<br>Иницира активности за почитување и разбирање на различностите кај учениците и нивните индивидуални можности и способности, почит и негување на културното наследство и мултикултурализмот. Во изминатите две учебни години, училиштето доби грантови од Министерството за образование и наука за реализирање активности што придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција. Потпишани се Меморандуми за соработка со институции, компании и невладини организации. Интензивираната надворешна соработка резултира со реализација на голем број активности и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | донации.<br>Во учебната 2022/2023 година потпишани се следниве Меморандуми за соработка:<br>• СУГС „Цветан Димов“ - Скопје<br>• НУ „Национална галерија“ - Скопје<br>• НУ Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски - Битола<br>• Здружение на граѓани АМПЕРСАНД Скопје – центар за развој на вештини и компетенции<br><br>Во учебната 2023/2024 год. Меморандум за соработка потпишан е со:<br>• СУГС „Цветан Димов“ – Скопје<br>• ООУ „Ѓорче Петров“ - Скопје<br><br>Директорот се грижи и за материјално-финансиското работење на училиштето. Реализираните активности на директорот се евидентираат во извештаите на училиштето. Во остварувањето на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | обврските и раководењето, директорот на училиштето до надлежните органи редовно поднесува извештај за успехот и за постигнатите резултати во образовната работа, за реализацијата на Годишната програма, како и за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година. Директорот на училиштето ги следи законите, прописите, нормативните акти и писмените укажувања по кои се раководи и донесува одлуки и решенија.<br><br>Училиштето има помошник-директор. Помошник-директор е психологот кој покрај извршувањето на постојните работни задачи учествува и во раководењето на училиштето.<br><br>Во рамките на административно-организациската работа, помошник-директорот изготвува: предлог распределба на часови и распределба на класни раководства на почетокот на секоја учебна година, организирање на дежурства и изготвување распоред за дежурни наставници, грижа за спроведување на куќниот ред во училиштето во текот на учебната година, организирање и свикување на Совет на  паралелка и Совет на години, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | како и организација и реализација на седници на Совет на родители.<br><br>Во однос на педагошко-инструктивната работа, учествува во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето, програмата за класен час, планот и програмата за работа на родителските средби. Го изработува Полугодишниот извештај за постигнувањата на учениците на крајот од првото полугодие, Извештајот за реализација на воспитно-образовната работа на училиштето на крајот на секоја учебна година, како и прегледи, анализи и извештаи според класификациони периоди неопходни за следење на постигнувањата на учениците и реализација на активностите предвидени во Годишната програма за работа на училиштето. Исто така, помошник-директорот ја следи организацијата и реализацијата на воспитно-образовниот процес, врши увид во водењето на педагошката евиденција и документација, ги следи, насочува и координира воннаставните активности, активно ја следи реализацијата на програмските задачи на сите стручни органи и тела, соработува со сите субјекти | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | инволвирани во воспитно–образовниот процес (наставници, воспитувачи, стручна служба, родители, ученици) со цел подобрување на комуникацијата. Наведените активности помошник-директорот ги реализира во непосредна соработка, консултација и координација со директорот и други компетентни лица, интерно и екстерно од училиштето.<br><br>Органот на управување и органот на раководење учествуваат во спроведување на методологијата во седум чекори - еко-менаџмент.<br><br>Училиштето ги има усвоено заштитата на животната средина и еколошката едукација како едни од основните вредности на управувањето и раководењето и го има стекнато статусот на Зелено знаме. Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ е интегрирана во годишната програма за работа на училиштето и воспоставени се еко-стандарди. Чекорите од еко-менаџментот се реализирани преку систематичен и реално утврден план. Седумте чекори од програмата се реализираат во два дела: теоретски (формирање на еко-одбор, поврзување | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | со наставната програма и еко-кодекс) и практичен дел (анализа на состојбата на животната средина, план на активности, следење и евалуација на напредокот, информирање и вклучување на целото училиште и пошироката јавност).<br><br>Покрај Еко-проектот во училиштето се реализираат два Еразмус+ проекти и еден проект преку Фонд за иновации и технолошки развој:<br><br>1. All inclusive – Overcoming barriers to participation (Финска, Италија и Р. Северна Македонија)<br>2. Let’s get G.R.E.E.N (Словенија, Франција, Германија, Латвија, РСМ и Романија)<br>3. Од органски отпад до зачин - ФИТР<br><br>Во рамките на соработката со Црвен Крст на Општина Центар, реализирани се активности од проектот „Зелена инклузивност“.<br><br>Учество во проектот „Птици“ и „Пинокио“ на Национална галерија – Чифте амам. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.2 | **Цели и креирање на училишната политика** | **7.2.1 Јасност и соодветност на мисијата и визијата**<br>Низ долгогодишната едукација и рехабилитација на ученици со интелектуална попреченост целите се јасно издиференцирани до степен на осамостојување за професионален и личен живот, со крајна цел интеграција во општествената средина.<br>Основната цел на ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски” е реализирање на современ, модернизиран воспитно-образовен процес кој овозможува стекнување на знаења, умеења, вештини, стручна обука и развој на личноста на учениците. Современата и ефикасна настава во училиштето е во функција за оптимален индивидуален развој на учениците и наставниците и е компатибилна на современиот начин на живеење.<br>Цели кои произлегуваат од основната цел:<br>- Подобрување на условите во кои се реализира наставата<br>- Подигање на квалитетот на воспитно-образовниот процес со примена на наставни содржини базирани врз современи, ефикасни, квалитетни и едукативни методи приспособени според | | • Закон за средно образование<br>• Статут на училиштето<br>• Деловник за работа на Училишниот одбор<br>• Правилник за систематизација на работни задачи<br>• Правилник за внатрешна организација<br>• Правилник за наградување<br>• Решенија за распоредување на работни места<br>• Интерни акти<br>• Програма за развој на училиштето<br>• Самоевалуација на училиштето<br>• Записници од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | индивидуалните потреби и интереси на учениците<br>- Стручно усовршување на воспитно-наставниот кадар<br>- Развивање на интересите, способностите и чувството на самодоверба кај учениците<br>- Промовирање на индивидуалниот развој и личноста на ученикот<br>- Зголемување на степенот на мотивација кај учениците и наставниците<br>- Градење креативни и морални личности кои ќе се интегрираат во современите текови на животот<br>- Перманентна грижа за здравјето на учениците<br>- Градење на позитивна клима и средина за учење во која ќе дојдат до израз различните способности и афинитети на учениците<br>- Унапредување на формите на соработка со родителите и локалната заедница<br>- Градење на взаемна почит, доверба и меѓуетничка толеранција | | Инспекциски надзор на ДПИ<br>• Записници од Санитарна инспекција<br>• Записници од други инспекциски надзори<br>• Годишни програми за работа на училиштето 2022/2023 г. и 2023/2024 г.<br>• Програма за работа на директор<br>• Програма за работа на помошник-директор<br>• Програма за родителски средби<br>• Програма за класен час<br>• Годишни и полугодишни извештаи за работата на училиштето 2022/2023 г. и 2023/2024 г.<br>• Записници, одлуки и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **7.2.2 Процедури за креирање на училишната политика**<br>Училиштето делува како самостоен субјект, со три дисперзирани паралелки во Битола и Ученички дом во склоп на училиштето. За успешно креирање на училишната политика, носечкиот дел го има раководниот тим и Училишниот одбор. Директорот дава насоки, инструкции и задолженија на стручните тела, комисии и поединци, кои преку соодветни повратни форми на комуникација известуваат за начинот и текот на реализација на дадените задолженија. Исто така се вршат и континуирани меѓусебни консултации и координација при водењето на училишната политика.<br>Училиштето има правилници за правата и должностите на раководните структури, наставно-воспитниот кадар, техничкиот персонал и учениците. Поведението на учениците се оценува со примерно, добро и незадоволително и за истото во Статутот има пропишани услови. Забрането е телесно казнување и психичко малтретирање на учениците. Заради повреда на должностите и неисполнување на обврските на ученикот му се изрекуваат педагошки мерки. Во процедурата на изрекување на педагошките мерки учествуваат | | извештаи од работата на Училиштен одбор, Наставнички совет, Совет на годината, Совет на родители и од состаноците на Стручните активи и Стручната служба<br>• Записници од Еко-одбор<br>• Акционен план за постигнување на поставените цели<br>• Меморандуми за соработка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | раководителот на паралелката, Советот на паралелката, Наставничкиот совет, одговорниот воспитувач, а во постапките се вклучува стручната служба, директорот и родителите. Се применува Кодекс на однесување на учениците и истиот ги обврзува да го почитуваат. На ученикот му се овозможува во училиштето развој на неговата личност.<br><br>Личноста на секој ученик се почитува без оглед на разликите во неговите способности, пол, вероисповед, националност, материјална и социјална положба.<br><br>Преку анализа на постоечката состојба, годишните извештаи, програми и СЕУ како и расположливите ресурси, на почеток на секоја учебна година се изработува Годишна програма за работа на училиштето во која се утврдуваат приоритетите и се предвидуваат активностите за наредната учебна година. Во анализата како основа се користат Полугодишните и Годишните извештаи за работа на училиштето кои се доставуваат до МОН и БРО. Исто така при анализата се користат извештаи за реализирани и нереализирани часови и наставни единици, извештаи за успехот, поведението и изостаноците на учениците по квартални периоди, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | реализирани воннаставни активности, анализи на причините за отсуство од настава и сл.<br><br>Во креирањето на политиката се вклучени и наставниците, воспитувачите и стручната служба кои се организирани во активи, но и родителите имаат можности да влијаат со нивни предлози, мислења и сугестии преку своите претставници во Советот на родители и редовните заеднички и индивидуални родителски средби.<br><br>Наставниците и родителите за политиката на училиштето се информираат на состаноци, преку писмени извештаи и со консултации. Учениците најчесто се информираат преку раководителите на паралелката, читање на соопштенија и училиштен разглас. Како превентивни мерки се организираат редовни систематски прегледи и предавања од стручни лица за различна проблематика како: дрога, алкохол, сида и сл. Вакви и слични теми се содржани и во програмите за класен час. Училиштето одржува блиска соработка со неколку заводи и центри во РСМ чија основна дејност е рехабилитација на лица со посебни потреби.<br><br>Сите ученици се со интелектуална попреченост, што само по себе бара, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | покрај колективниот и индивидуален пристап во работата со нив, со цел што посеопфатно да се задоволат нивните предиспозиции, можности и афинитети од одредени области.<br><br>На учениците кои не ја посетуваат редовно наставата од оправдани причини им се овозможува и организира класен испит на крај од учебната година. Во рамките на Годишната програма се предвидени слободни ученички активности: секции за задоволување на интересите на учениците од обласа на литературата, екологијата, културата, физичката култура и сл., слободни часови и училиштен спорт во чии рамки функционира Училишниот спортски клуб. Во текот на учебната година се организираат две еднодневни екскурзии (есенска и пролетна).<br><br>Интелектуалната попреченост кај учениците условува наставните програми и планови кои се реализираат во нашето училиште да се адаптирани и како такви се изработени од страна на Бирото за развој на образованието. Меѓутоа во истражувањата направени во таа насока, се констатира дека истите се веќе застарени и потребно е | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | нивно ревидирање со што би се прилагодиле со актуелните состојби во училиштето, како и со современите методи и облици на работа.<br><br>Во рамки на наградениот проект од страна на Фондот за иновации и технолошки развој, **„Од органски отпад до зачин“** се реализираа активности. Во фокусот на проектот е ставен органскиот отпад. Со дехидратација и мелење на остатоци од зеленчук, учениците создадоа зачин, а со тоа покажаа дека сакаат предизвици, умеат да се носат со нив и можат да бидат иноватори.<br>Во рамки на **проектот на ФФМ „Фудбал за сите способности - Државно средно училиште Св. Наум Охридски“** се реализираат фудбалски тренинзи и регионални натпревари преку кои учениците имаа можност да стекнат позитивни карактерни особини (дисциплина, редовност, ангажираност, посветеност и натреварувачки дух), да стекнат и нови здрави навики (хигиенски навики, здрав начин на исхрана, консумирање на течности и правилен одмор) и можност да се социјализираат и да се дружат со ученици од другите екипи, со цел да се подигне нивото на знаење и умеење кај нашите ученици а | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | со самото тоа да се подигне самодовербата кај истите, за поуспешно вклучување во сите сфери на општеството.<br><br>Училиштето организира приредби, претстави, базари и други манифестации според програмите на секциите за културно-забавен живот каде што преку разни форми и содржини кај учениците се развива чувството за естетско и уметничко спознание и се формира уметнички и креативен дух. За подигнување на свеста за поголема физичка активност во училиштето УСК организира спортски натпревари, турнири, трибини и квизови.<br><br>Сите овие активности, придонесуваат учениците соодветно да го афирмираат училиштето во пошироката средина. Учениците од училиштето често посетуваат концерти, фестивали, театарски претстави, музички хепенинзи, музеи, галерии, манифестации и сл. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик со кирилско писмо. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **7.2.3 Резултати од развојнотото планирање**<br>Училишното развојно планирање е континуиран стратешки процес заснован на константно истражување за препознавање на автентичните потреби на училиштето и пронаоѓање начини како тие потреби да се задоволат. Тоа претставува основа за остварување на посакувани и неопходни промени во сите сегменти на училишниот живот.<br>Поставените цели на развојното планирање се јасни и ја отсликуваат визијата и мисијата на училиштето. Развојното планирање ги опфаќа следните цели на училиштето и тоа:<br>Стратешка цел:<br>1. Осовременување на воспитно-образовниот процес<br>Развојни цели:<br>1.1. Воведување и употреба на иновативни и современи нагледни средства во наставата<br>1.2. Планирање и реализирање на соодветни обуки и работилници | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | 2. Подобрување на просторните услови за работа во училиштето<br>a. Подобрување на енергетската ефикасност на училишниот објект<br>b. Пренамена и адаптација на веќе постоечки простории<br>3. Продлабочување на соработката со локалната заедница и бизнис секторот<br>a. Унапредување и интензивирање на нови форми на соработка со локалната заедница и бизнис секторот.<br><br>За нивно постигање, училиштето има поставено акциски планови и план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на индикаторите за успешност. Во поставувањето се вклучени наставници, родители, ученици и други релевантни субјекти. Сите вработени во училиштето се информирани за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | поставените цели и динамиката на нивно реализирање и постигнатите цели.<br>Според претходно изработениот план на Училиштето се реализираат активности за секој еко-стандард според одбраните точки за акција:<br>Еко-стандард 1 - заштеда на енергија<br>Еко-стандард 2 - заштеда на вода<br>Еко-стандард 3 - одржување на училишната зграда и здрава средина во училиштето<br>Еко-стандард 4 - уреден и еколошки училиштен двор.<br>Еко-стандард 5 - отпад<br>Еко-стандард 6 - транспорт<br>Училиштето преку реализираните активности предвидени во планот на активности постигна конкретни, видливи и мерливи резултати.<br>Училишната програма за професионален развој има за цел да го надгради и подобри системот за професионален и кариерен развој на наставниците, воспитувачите и стручната служба и на тој начин да придонесе за поквалитетна воспитно-образовна работа на истите, со цел повисоки постигнувања на учениците. Во ДСУ за рехабилитација и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје, сите чинители на наставно-воспитниот процес изработуваат личен план за професионален развој и врз основа на личните планови за професионален развој, тим формиран од директорот врши селекција на приоритетните потреби и ги имплементира во годишна програма за професионален развој на ниво на училиште. Училиштето поседува годишни програми за професионален развој за изминатите две учебни години. Годишната програмата за професионален развој за учебната 2022/2023 година е составена од пет компетенции. Годишната програмата за професионален развој за учебната 2023/2024 година е составена исто така од пет компетенции. За наставно-воспитниот кадар и стручната служба уредно се водат досиеја за професионален развој. Стручното усовршување опфаќа и дооформување на образованието на приправниците со потребните доквалификации, педагошко-психолошка и дефектолошка, кое се одвива во континуитет. За новovработените наставници, воспитувачи и стручни соработници (приправници), се назначуваат ментори од страна на директорот. Воедно приправници се | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | задолжуваат со педагошко-психолошка доквалификација (доколку приправникот – наставник или воспитувач има ненаставна струка) и дефектолошка доквалификација. За приправникот, од страна на менторот се изготвува Годишен план и програма за менторство, се евидентира и се следи неговата работа и се изготвува извештај за реализираните активности. По истекот на приправничкиот стаж, мислењето од менторот се разгледува на Наставнички совет и приправникот полага стручен испит.<br><br>Училиштето располага со опремени работилници со нови машини како и застарени но добро сервисирани машини за скоро сите струки кои се застапени во училиштето. Училниците се опремени со наставни средства, кои не се доволни според индивидуалните потреби на учениците. Во нив се наоѓаат застарени компјутери кои се во недоволен број како средства за работа во наставата. Хигиенско-естетската, содржинската и функционалната уредност и обликуваност на внатрешниот и надворешниот простор на училиштето, хигиената во училниците и ходниците во училиштето се на високо ниво. Во однос на естетскиот изглед на истите, потребно е доопремување и организирање на | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | просторот според современите стандарди. За реализирање на наставата за занимањето Помошник готвач од Угостителско-туристичката струка недостасува просторија по теоретска настава.<br><br>Училишниот двор е релативно уреден и стандардно се одржува во добра состојба.<br><br>Потребите од нагледни средства се согледуваат преку барањата на стручните активи, а истите се планираат во Програмата за развој на училиштето.<br><br>Покрај редовните нагледни средства угостителско - туристичка струка во соработка со ФИТР и по предметот Спорт и спортски активности во фискултурната сала во соработка со ФФМ се опремија со дополнителни современи нагледни средства .<br><br>Училиштето се наоѓа на територија на општина Центар, во населба Капиштец, што овозможува сите ученици непречено да се движат пеш или со автобуски превоз.<br><br>Во една зграда се сместени работните простории на училиштето и ученички дом.<br><br>Бројот на паралелки и обемот на работа, воглавно соодветствува на бројот на работните простории | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | (училници и работилници за изведување теоретска и практична настава, фискултурна сала и простории за раководен, стручен, наставен и воспитен кадар), кои се во целост искористени.<br><br>По препорака на владата и МОН се направија неколку чекори за зголемување на енергетската ефикасност. До почетокот на грејната сезона се исклучи греењето во простории кои поретко се користат и со вградување на електромагнетен вентил се одвоија линиите меѓу училиштето и ученичкиот дом. По завршувањето на грејната сезона се заменија неколку неисправни радијатори и во дел од училиштето се заменија неисправните вентили и се монтираа нови. Во соработка со локалната заедница - Општина Центар се изврши обележување на паркинг просторот во училишниот двор и се донираше урбана опрема (клупи, корпи за отпадоци и паркинг за велосипеди).<br><br>Практичната настава за занимањето Помошник бравар-лимар од Машинската струка се реализира во сутеренски простории во кои претходните две години се подобрени условите за работа во однос на осветлувањето, целосно се исчисти подот од заостанатиот отпад и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | репроматеријал и се преместија одредени машини и уреди и се изврши молерисување на работилницата.<br><br>Во соработка на наставниците од машинската и градежната струка и донација од ПроКредит Банка се направија две соблекувални (машка и женска) за потребите на учениците за спорт и спортски активности.<br><br>Во насока на професионалниот развој на вработените посетени се повеќе обуки на кој главен акцент беше ставен на превенција и справување со насилство во училиштата. Отпочнати се серија обуки во рамки на проектот Подобрување на квалитетот на образованието.<br><br>Состојбата во однос на техничката опременост задоволува, односно училиштето располага со она што му е потребно за успешно реализирање на наставата.<br><br>Секоја година, во континуитет се согледува состојбата и се ревидира планот за подобрување на инфраструктурата. Врз основа на тоа се планираат тековните активности и времето на нивна реализација. Министерството за образование и наука во текот на секоја учебна година доделува парични средства, наменети за подобрување на условите за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | воспитно-образовната работа и престој на учениците во Ученичкиот дом. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **ПРИЛОЗИ**<br>**Прилог 1. Анализа на одговорите од анкетата за наставници**<br><br>**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**<br><br>• Дали раководниот тим создава клима за добри меѓучовечки односи?<br><br><br><br>- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | ***Анкетни прашалници за наставници*** | |

- Дали раководењето на директорот овозможува развој и напредување на вработените?




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали половата структура на членовите на УО е правично застапена?




- **80%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали сте редовни на седници на УО, наставнички совети и други структури во кои сте избрани или припаѓате?<br><br><br>- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

- Дали членовите во раководниот тим и УО се општо прифатени и избрани јавно и демократски?




**- 90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали задачите и надлежностите на раководниот тим се целосно и јасно дефинирани?




- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали користите современи методи и техники во наставата?




- **70%** одговориле со ДА, **30%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали со годишното планирање се задоволени материјалните потреби на наставникот за успешна работа?




- **60%** одговориле со ДА, **40%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали сметате дека училиштето треба да води политика за наградување на посебно успешните и креативни наставници?




- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали сте отворени за размена на искуства и информации во планирањето и реализацијата на наставната програма?<br><br><br>- **100%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

**Прилог 2. Анализа на одговорите од анкетата за родителите**

**Од одговорите на испитаниците добиени се следните резултати:**

- Дали сте задоволни од соработката со раководителот на паралелката и наставниците?




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

***Анкетни прашалници за родители***

- Дали сте задоволни од соработката со стручниот тим (психолог,дефектолог и социјален работник)?




- **90%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали сте информирани по сите прашања од претставникот на Советот на родители во УО?<br><br><br><br><br>- **80%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали сте запознаени со надлежностите на раководниот тим и УО?<br><br><br><br>- **50%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **30%** одговориле со НЕ. | | |

- Дали знаете каде да се обратите за остварување на правата на Вашето дете?




- **70%** одговориле со ДА, **20%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали редовно присуствувате на родителските средби?<br><br><br><br><br>- **90%** одговориле со ДА, **0%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

- Дали сте задоволни од информираноста за донесените поважни одлуки во училиштето?




- **70%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **20%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | • Дали можете да го следите воспитно – образовниот развој на Вашето дете?<br><br><br><br><br>- **80%** одговориле со ДА, **10%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ. | | |

- Дали сметате дека директорот е отворен за комуникациска соработка?




- **70%** одговориле со ДА, **30%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **0%** одговориле со НЕ.

- Дали сте задоволни од политиката на сузбивање на насилничко однесување и воведување ред и дисциплина во училиштето?




- **50%** одговориле со ДА, **40%** одговориле со ДЕЛУМНО, и **10%** одговориле со НЕ.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Прилог 3. Мислење на директорот добиено преку прашалник и интервју**<br>• Соработката со институциите од локалната заедница (сродни институции, невладини организации, фирми и други институции) е од особено значење за ефикасноста на училиштето што придонесува за развој и промоција, со можност истата да биде поинтезивна и продлабочена.<br>• Во однос на условите за работа, тие се добри. Подобрувањето на истите секогаш е актуелно, но зависи од финансиските можности на училиштето и ќе се реализира континуирано со помош на Министерството за образование и наука, преку повремено наменско финансирање.<br>• Директорот е задоволен од соработката со сите структури вклучени во воспитно-образовниот процес. Соработката се остварува во континуитет во текот на целата учебна година | ***Интервју и прашалник со директор*** | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | преку средби, разговори, консултации, давање насоки и укажувања.<br>• Доколку е потребно да се донесат компромисни решенија, се почитуваат различни мислења од кои се избира оптималното решение. Доколку решението е базирано на законска регулатива, без компромис се донесува законски утврденото решение.<br>• Директорот во целина е задоволен од работата на наставно-воспитниот и останатиот дел од колективот.<br>• Во однос на прифаќање помош и практична едукација на децата директорот смета дека делумно е потребно поголемо учество на останатите структури во државата.<br>• Во однос на правата при избор на наставно-воспитен кадар, директорот смета дека има доволно ингеренции.<br>• Директорот додава дека секогаш е отворен за размена на искуства и информации во планирањето и | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | реализирањето на наставната програма.<br>• Кадарот во училиштето е потполно запознаен со одлуките на директорот.<br>• Во поглед на ингеренциите, материјално да ги наградува креативните наставници, директорот нагласува дека треба да се води политика на наградување кое се врши согласно Правилникот за наградување.<br>• Постои исклучителна соработка со останатите училишта од земјата во однос на подобрување на воспитно-образовниот процес.<br>• Годишната програма за работа на училиштето целосно се спроведува согласно насоките од БРО и МОН. | | |

## Клучни силни страни и слабости

*Силни страни:*

- **Раководниот тим има јасна визија и одредена стратегија во раководењето и реализацијата на предвидените цели и истата е во согласност со потребите на училиштето**
- **Работење согласно законските прописи**
- **Партнерски однос помеѓу органите на управување и раководење**
- **УО ги следи процедурите и прописите опишани во Деловникот за работа на УО**
- **Наставно-воспитниот кадар е вклучен во решавање на проблемите во училиштето**
- **Уредно и навремено свикување состаноци на Училиштен одбор, Совет на родители и Наставнички совет**
- **Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес**
- **Локацијата на училиштето инфраструктурно е одлична**
- **Училиштето ги има усвоено заштитата на животната средина и еколошката едукација како едни од основните вредности на управувањето и раководењето и го има стекнато статусот на Зелено знаме**
- **УСК ДСУРО „Св. Наум Охридски 2018“ - Скопје е организатор и реализатор на спортските игри на основните и средните училишта за ученици со посебни образовни потреби во рамките на ФУСМ**
- **Во училиштето се реализираат активности што принесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција – МИО, поддржани со грант**

**од МОН**

- **Училиштето е вклучено како партнер во Еразмус+ проекти и доби грант преку Фонд за иновации и технолошки развој за проектот „Од органски отпад до зачин“**

***Слаби страни:***

- **Современи наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците**
- **Помал дел од просториите се делумно соодветни за теоретска и практична настава**
- **Соодветни семинари и обуки за континуиран професионален и индивидуален развој на воспитно–образовниот кадар**

***Приоритети:***

- **Во финансискиот план да се зголемат ставките за набавка на наставни средства**
- **Набавка на наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците**
- **Подобрување на условите и адаптација на веќе постоечки простории**
- **Професионален развој на наставниците, воспитувачите и стручните соработници за стекнување на нови знаења и вештини специфични за работа со ученици со посебни образовни потреби**

## Заклучни согледувања

Во ДСУ за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“ – Скопје, учат ученици со посебни образовни потреби. Училиштето делува како самостоен субјект, со три дисперзирани паралелки во Битола. Во склоп на училиштето постои и Ученички дом во кој се сместени учениците од внатрешноста на државата.

Раководниот тим на училиштето го сочинуваат директорот и помошник-директорот, а орган на управување е Училишниот одбор. Надлежностите на раководниот тим и УО се јасно дефинирани, како и работните задачи на сите вработени, кои се утврдени во Правилникот за систематизација на работните задачи, а се во согласност со одредбите на Законот за средно образование, Статутот на училиштето и други законски прописи.

Динамиката на седниците на УО се одвива согласно потребите на училиштето, а работата на овој орган е утврдена со Деловник за работа. За разрешување на тековните проблеми, размена на идеи и донесување на соодветни одлуки, соработката на раководниот тим во училиштето се одвива на редовни и повремени седници на Наставнички совет, Активи, стручни комисии за одредени прашања и други тела. Раководниот тим соработува и со другите субјекти во училиштето, консултациите се одржуваат и во неформални разговори и средби. Останатите субјекти информациите за донесените одлуки ги добиваат преку извештаи од состаноци и известувања истакнати на огласна табла и испратени на мејлот за интерна употреба. Планираните активности на еко-проектот се реализираат во континуитет. Покрај активностите од еко-стандардите и задолжителната имплементација на програмата, училиштето реализира и МИО активности.

Училишната политика има јасни цели и ја креира раководниот тим во соработка со стручните органи на училиштето: Наставнички совет, Совет на годината, Совет на паралелката, раководител на паралелката, Актив на наставници по теоретска настава, Актив на наставници по практична настава, Актив на воспитувачи, Стручна служба и Совет на родители. Седниците на Наставничкиот совет ги свикува директорот по потреба, преку соопштение објавено на огласна табла и испратено на мејлот за интерна употреба. Постои добра комуникација меѓу

вработените, учениците и родителите. Комуникацијата на раководниот тим со другите вработени е на солидно ниво.

Условите за работа во училиштето задоволуваат меѓутоа училиштето се стреми кон нивно континуирано подобрување, но интензитетот на преземените мерки ќе зависи од финансиските можности на училиштето.

# И З В Е Ш Т А Ј

**ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО**

**ДСУ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ**

**„СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ**

**за периодот 2022 – 2024 година**

НОСИТЕЛ
Златко Маројевиќ – Директор

КООРДИНАТИВЕН ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА
Магдалена Дунимаглоска – помошник-директор, психолог
Жана Божиновска – наставник
Розе Стојановска – наставник
Кирил Димески – наставник
Билјана Младеновиќ – родител

ИЗВЕШТАЈ ОД  СПРОВЕДЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| | |
|---|---|
| Период на самоевалуација | 2022 – 2024 |
| Вид на училиште | Средно стручно за ученици со посебни образовни потреби |
| Основач на училиштето | Државата / МОН на Р. Северна Македонија |
| Наставен јазик | Македонски |
| Претседател на Училиштен одбор | Геле Донаков |
| Директор на училиштето | Златко Маројевиќ |
| Адреса на училиштето | ул. „Васил Ѓоргов“ 47б - Скопје |
| Телефон | 02 – 3119 – 472 |
| Електронска пошта | **dsu-svetinaumohridski-skopje@schools.mk** |
| Веб страна на училиштето | dsu-svnaumohridski.edu.mk |

## РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 29-а од Законот за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018), Кординативниот тим за изготвување самоевалуација на работата на ДСУ за рехабилитација и образование ,,Св. Наум Охридски” - Скопје, за периодот од 2022 до 2024 година изврши Самоевалуација на работата на училиштето. Во текот на процесот, координаторите имаа средби и носителите на тимовите кои пак имаа средби и разговори со сите вработени во училиштето. Извршена беше проверка на потребната документација и од неа беа користени повеќе податоци. Спроведени беа анкети со директорот, вработените и родителите. Врз основа на анализите на сите добиени податоци се изготви Извештај од извршената самоевалуација на училиштето. За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за средно образование, Законот за основно образование и советодавна помош од БРО и ДПИ. Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работата, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слабите страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставно-воспитниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и да ги искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да се намалат, а јаките да се одржуваат, односно зголемуваат.

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

**Индикатори:**

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

1.1.1 Применувани наставни планови и програми
1.1.2 Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми
1.1.3 Изработување индивидуални образовни планови (ИОП) за учениците со посебни образовни потреби
1.1.4 Избор на наставни предмети
1.1.5 Планирање активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето
1.1.6 Реализација на проширени програми

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

1.2.1 Родова и етничка рамноправност, мултикултурни содржини во наставните програми и учебните помагала
1.2.2 Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала
1.2.3 Интегрирање на меѓупредметните цели на образованието
1.2.4 Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми

**1.3 Вонначставни активности**

1.3.1 Обем и разновидност на планираните и реализираните вонначставни активности
1.3.2 Опфатност на учениците со вонначставните активности
1.3.3 Вклученост на учениците во изборот и во планирањето на работата во вонначставните активности
1.3.4 Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонначставните активности

**Силни страни:**

- Наставните планови и програми кои ги изработуваат наставниците се во согласност со донесените програмски документи од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем
- Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини и активности од областа на МИО
- Наставната програма се реализира со користење на ИКТ во наставата (минимум 30 %) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет,
- Училиштето редовно и навремено ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми,

- Директорот, стручната служба и наставниците секогаш се отворени за соработка со родителите
- Училиштето го следи планирањето и реализацијата на наставните програми на наставниците
- Наставниците се отворени за размена на искуства и информации во планирањето и реализацијата на наставната програма
- Училиштето промовира родова и етничка рамноправност и мултикултурна сензитивност
- Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности според потребите и интересите на учениците
- Секој ученик согласно своите афинитети избира во кои вонннаставни активности ќе учествува
- Во училиштето се применуваат активни наставни методи и техники за реализација на наставните планови и програми
- Училишниот простор ги задоволува потребите за непречено одвивање на наставата и вонннаставните активности

**Слаби страни:**

- Наставните планови и програми изготвени од БРО не одговараат на можностите, способностите и потребите на учениците
- Кабинетите и работилниците не се доволно опремени со нагледни средства и материјал и алат за практична настава
- Недостаток на компјутери, нефункционално мрежно поврзување и недоволна опременост со  ЛЦД проектори и смарт табли

## Подрачје 2: Постигнувања на учениците

**Индикатори:**

**2.1 Постигнувања на учениците**

2.1.1 Следење на постигнувањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациони периоди
2.1.2 Подобрување на постигнувањата на учениците
2.1.3 Идентификување и поддршка на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби
2.1.4 Подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната и дополнителната настава
2.1.5 Следење на хоризонталното и на вертикалното движење
2.1.6 Подобрување на интеркултурните компетенции кај учениците

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

2.2.1 Опфат на учениците
2.2.2 Редовност во наставата
2.2.3 Осипување на учениците
2.2.4 Премин на ученици од едно училиште во друго

**2.3 Повторување на учениците**

2.3.1 Ученици што не ја завршуваат годината/образованието

**Силни страни:**

- Училиштето располага со комплетни податоци за постигнувањата на учениците по пол и етничка припадност по сите наставни предмети и по класификациони периоди и се грижи за нивно подобрување
- Родителите редовно и навреме се известуваат за постигнувањата на учениците
- Училиштето го поттикнува вклучувањето на учениците во разни вонннаставни активности
- Соодветна комуникација и мотивационен пристап на наставниот и стручниот кадар со учениците
- Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и навреме презема конкретни активности со цел зголемување на редовноста

**Слаби страни:**

- Делумно користење на иновативни методи и современи нагледни средства

## Подрачје 3: Учење и настава

**<u>Индикатори:</u>**

**3.1 Планирања на наставниците**

3.1.1 Поддршка и следење на планирањата на наставниците
3.1.2 Индивидуални планирања на наставниците
3.1.3 Размена на искуства и на информации при планирањето
3.1.4 Распоред на часови

**3.2 Наставен процес**

3.2.1 Наставни форми и методи
3.2.2 Употреба на ИКТ во наставата
3.2.3 Избор на задачи, активности и на ресурси
3.2.4 Приодот на наставникот кон учениците
3.2.5 Интеракција меѓу наставниците и учениците
3.2.6 Следење на наставниот процес

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

3.3.1 Средина за учење
3.3.2 Атмосфера за учење
3.3.3 Поттикнување на учениците за преземање одговорност
3.3.4 Интеракција на учениците меѓу себе

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

3.4.1 Идентификување на образовните потреби на учениците
3.4.2 Почитување на различните потреби на учениците во наставата

**3.5 Оценувањето како дел од наставата**

3.5.1 Училишна политика за оценување
3.5.2 Методи, форми и инструменти на оценување

3.5.3 Користење на информациите од оценувањето во наставата

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

3.6.1 Известување на родителите за напредокот на учениците

**Силни страни:**

- Сите наставници ја планираат редовната настава и воннаставните активности
- Активностите на наставниците и на учениците се планирани ефективно да се искористи времето од часот што ќе придонесе кон постигање на очекуваните резултати
- Во училиштето се учат работи кои се применливи и корисни во секојдневниот живот
- Учениците и наставниците заеднички работат на различни проекти во и надвор од училиштето
- Добра училишна атмосфера со индивидуален пристап кон секој од учениците
- Примена на тимска работа
- Стручен наставен кадар со позитивен и професионален однос
- Соработка на високо ниво помеѓу родителите и сите инволвирани страни во воспитно-образовниот процес
- Позитивно вреднување и промовирање на: етничката, културната и јазичната разноликост помеѓу учениците и вработените во училиштето

**Слаби страни:**

- Современи наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците
- Соодветни семинари и обуки за континуиран професионален и индивидуален развој на воспитно–образовниот кадар

## Подрачје 4: Поддршка на учениците

**<u>Индикатори:</u>**

**4.1 Севкупна грижа за учениците**

4.1.1 Заштита од физички повреди и од елементарни непогоди
4.1.2 Превенција од насилство
4.1.3 Заштита од пушење, алкохол и од дрога
4.1.4 Квалитет на достапна храна
4.1.5 Поддршка на учениците со посебни образовни потреби/физичка попреченост
4.1.6 Грижа за учениците од социјално загрозени семејства

**4.2 Здравје**

4.2.1 Хигиена и заштита од болести
4.2.2 Грижа за учениците со здравствени проблеми
4.2.3 Грижа за учениците со емоционални тешкотии

**4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците**

4.3.1 Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување

**4.4 Следење на напредокот**

4.4.1 Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
4.4.2 Анализа на напредокот на учениците по паралелки

**<u>Силни страни:</u>**

- Училиштето во ситуации на насилство реагира навремено и соодветно на пропишаните документи за справување со насилство
- Во училиштето постои соработка меѓу раководниот кадар, стручните соработници, класните/предметните наставници, воспитувачи и родители со цел подобри постигнувања на учениците
- Во училиштето се води грижа при избор на задачи и активности и истите се приспособуваат кон индивидуалните потреби на учениците
- Родителите во ситуации на насилство знаат каде и кому треба да се обратат
- Вработените кон децата се однесуваат на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба

- Училиштето креира стимулативна средина за учење

**Слаби страни**:

- Подобрување на хигиената во училиштето
- Подобрување на условите во училишниот двор

## Подрачје 5: Училишна клима

**Индикатори:**

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**
5.1.1 Углед/имиџ на училиштето
5.1.2 Кодекс на однесување
5.1.3 Училишна клима
5.1.4 Поведение и дисциплина во училиштето
5.1.5 Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми

**5.2 Промовирање на постигнувањата**
5.2.1 Промовирање на личните постигнувања на учениците
5.2.2 Промовирање на постигнувањата во име на училиштето

**5.3 Еднаквост и правичност**
5.3.1 Познавање на правата на децата
5.3.2 Еднаков и правичен третман на сите ученици
5.3.3 Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот

**5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница**
5.4.1 Соработка на училиштето со родителите
5.4.2 Соработка со општината и со урбаната заедница
5.4.4 Соработка со деловната заедница и со граѓанскиот сектор

**Силни страни:**

- Училишната клима е на високо ниво
- Училиштето постојано вложува во унапредување на дејноста и условите за работа како за учениците така и за сите вработени
- Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците
- Постои добра клима помеѓу вработените и учениците и е на високо ниво
- Вработените во училиштето и ученичкиот дом подеднакво се однесуваат кон сите ученици во текот на наставата, воннаставните активности и слободното време

- Училиштето ја вреднува и промовира етничката, културната, јазичната и секоја друга разноликост помеѓу учениците и вработените во училиштето. Мултикултурализмот има широка подршка од наставниците, родителите и учениците.

**Слаби страни:**

- Делумно се почитува кодексот на однесување
- Недоволна запознаеност на родителите со правата на децата

## Подрачје 6: Ресурси

**<u>Индикатори:</u>**

**6.1. Сместување и просторни капацитети**

6.1.1. Просторни услови

6.1.2 Искористеност на просторните капацитети

**6.2. Наставни средства и материјали**

6.2.1. Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала

6.2.2 Училишна библиотека

6.2.3 Потрошен материјал

6.2.4 Училишни работилници за практична обука опремени со машини, уреди, апарати и алати

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

6.3.1 Број на вработени и соодветност на наставниците и стручните соработници

6.3.2 Ефективност и распоредување на кадарот

6.3.3 Стручните соработници како поддршка на наставниот кадар

**6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

6.4.1. Професионален и кариерен развој на наставниците

**6.5. Финансиско работење во училиштето**

6.5.1. Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет

**<u>Силни страни:</u>**

- Училишниот простор ги исполнува условите за реализација на наставата согласно Нормативот за реализација на наставата
- Во училиштето максимално се користат расположливите капацитети за реализација на наставата и воннаставните активности
- Континуирано се утврдува потребата за наставни средства и помагала и истите се набавуваат согласно потребите за да одговараат на современите образовни трендови
- Секој од наставниците и стручните соработници во училиштето има лаптоп за потребите на планирање и реализација на наставата

- Училиштето планира и навреме обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализација на наставните и вонннаставните активности, согласно планот на училиштето
- Наставниците успешно работат како тим во рамките на стручните активи и придонесуваат за ефективно работење на училиштето
- Наставниот кадар се распоредува според стручност и постојат механизми за брза и соодветна замена при отсуство на наставен кадар
- Сите наставници изработуваат личен план за професионален развој, согласно основните професионални компетенции
- Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми
- Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства

**Слаби страни:**

- Недоволна вклученост на соодветни обуки

## Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика

**<u>Индикатори:</u>**

**7.1 Управување и раководење со училиштето**

7.1.1 Управување со училиштето

7.1.2 Раководење со училиштето

**7.2 Цели и креирање на училишната политика**

7.2.1 Јасност и соодветност на мисијата и визијата

7.2.2 Процедури за креирање на училишната политика

7.2.3 Резултати од развојно планирање

**<u>Силни страни:</u>**

- Раководниот тим има јасна визија и одредена стратегија во раководењето и реализацијата на предвидените цели и истата е во согласност со потребите на училиштето
- Работење согласно законските прописи
- Партнерски однос помеѓу органите на управување и раководење
- УО ги следи процедурите и прописите опишани во Деловникот за работа на УО
- Наставно-воспитниот кадар е вклучен во решавање на проблемите во училиштето
- Уредно и навремено свикување состаноци на Училиштен одбор, Совет на родители и Наставнички совет
- Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес
- Локацијата на училиштето инфраструктурно е одлична
- Училиштето ги има усвоено заштитата на животната средина и еколошката едукација како едни од основните вредности на управувањето и раководењето и го има стекнато статусот на Зелено знаме
- УСК ДСУРО „Св. Наум Охридски 2018“ - Скопје е организатор и реализатор на спортските игри на основните и средните училишта за ученици со посебни образовни потреби во рамките на ФУСМ
- Во училиштето се реализираат активности што принесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција – МИО, поддржани со грант од МОН
- Училиштето е вклучено како партнер во Еразмус+ проекти и доби грант преку Фонд за иновации и технолошки развој за проектот „Од органски отпад до зачин“

**<u>Слаби страни:</u>**

- Современи наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците
- Помал дел од просториите се делумно соодветни за теоретска и практична настава

- Соодветни семинари и обуки за континуиран професионален и индивидуален развој на воспитно–образовниот кадар

Резултати од самоевалуацијата на училиштето во 2024 година

| Подрачје на вреднување | Ниво на постигнување |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | **Многу добро** |
| **Постигнувања на учениците** | **Многу добро** |
| **Учење и настава** | **Многу добро** |
| **Поддршка на учениците** | **Многу добро** |
| **Училишна клима** | **Многу добро** |
| **Ресурси** | **Многу добро** |
| **Управување, раководење и креирање политика** | **Многу добро** |

Севкупното работење на училиштето се оценува со **4.00** (многу добар)

**Приоритети односно идни активности кои би можеле да бидат вклучени во Развојното планирање:**

- Покренување на иницијатива и доставување на официјални барања до БРО и МОН за измена на наставните планови и програми
- Континуирано опремување на кабинетите и работилниците со нагледни средства и материјал и алат за практична настава
- Опремување на кабинетите со компјутери и соодветно мрежно поврзување, со ЛЦД проектори и смарт табли
- Поголема потреба за организирање на обуки од страна на стручни институции
- Интезивирање на учества на семинари и обуки за професионален развој
- Да се преземат соодветни мерки за подобрување на хигиената во училиштето
- Поставување сообраќајна сигнализација
- Поставување на безбедносна ограда во задниот двор на училиштето
- Одржување на работилници за запознавање на родителите со правата на децата
- Постапки со кои на обуките би биле вклучени соодветен наставно – воспитен кадар според стручноста
- Во финансискиот план да се зголемат ставките за набавка на наставни средства
- Набавка на наставни средства соодветни на индивидуалните потреби на учениците
- Подобрување на условите и адаптација на веќе постоечки простории
- Професионален развој на наставниците, воспитувачите и стручните соработници за стекнување на нови знаења и вештини специфични за работа со ученици со посебни образовни потреби

## СОДРЖИНА:

**Лична карта на училиштето** ........ 2
**Цел на самоевалуацијата** ........ 7
**Процес на самоевалуацијата** ........ 10
**Подрачје 1: Наставни планови и програми** ........ 11
**Подрачје 2: Постигнувања на учениците** ........ 62
**Подрачје 3: Учење и настава** ........ 105
**Подрачје 4: Поддршка на учениците** ........ 146
**Подрачје 5: Училишна клима** ........ 179
**Подрачје 6: Ресурси** ........ 241
**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политики** ........ 287
**И З В Е Ш Т А Ј ОД ИЗВРШЕНАТА САМОЕВАЛУАЦИЈА ВО ДСУ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ „СВ. НАУМ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ за периодот 2022-2024 година** ........ 342

**Извештајот од извршената самоевалуација**
**на**
**ДСУ за рехабилитација и образование ,,Св. Наум Охридски’’ - Скопје**
**го одобрил Училишниот одбор**
**со Одлука бр.________________ од _______**